# ТРАНСПОРТ ЛОГИСТИКА

ИНФОРМАТИВЕН И ЕДУКАТИВЕН МЕСЕЧНИК

ISSN 1857-7962 ■ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК ■ број 154 ■ септември 2018 ■ www.amerit.org.mk

## ИНТЕРВЈУ



МИЛЕВА ИВАНОВСКА

Сектор за поврат на ДДВ од странство при СИЗ „Македонија сообраќај“– АМЕРИТ

### НИЕ СМЕ БЛИСКИ ПАРТНЕРИ НА ТРАНСПОРТЕРИТЕ ЗА ПОВРАТ НА ДДВ



## АКТУЕЛНО

Во СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ

### КОНТИНУИРАН ПОРАСТ ВО ИЗДАВАЊЕТО НА МЕМОРИСКИ КАРТИЧКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ТАХОГРАФИ

## ТЕМА НА БРОЈОТ

Македонските превозници конечно на пат да го добијат долгоочекуваниот транспортен капацитет

### ТРГНАА РАБОТИТЕ СО МУЛТИМОДАЛНИОТ ЈАЗОЛ ВО ТРУБАРЕВО

# ОНАМУ КАДЕ ШТО СТЕ ВИЕ.







АМЕРИТ

СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

MakedonijaSoobrakajAMERIT

ул. „1506" бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 | www.amerit.org.mk




# СЕДНЕТЕ НА ВАШЕТО ОМИЛЕНО МАН СЕДИШТЕ ВЕДНАШ!

Најголем избор на нови камиони
со можност за испорака веднаш!

МАН Импортер Македонија д.о.о.е.л | Ул.2, бр. 84 Илинден, Скопје
Тел. 02/511 63 79, 02/511 50 80 | www.mantruck.mk

ASSOCIATE TRAINING INSTITUTE

IRU

# АМЕРИТ

СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

| [ СЕПТЕМВРИ ] | | | |
|---|---|---|---|
| **ВОЗАЧИ** | | | |
| **ОБУКА** | Понеделник | 1.10.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Среда | 10.10.2018 | |
| **ОБУКА** | Среда | 24.10.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Понеделник | 5.11.2018 | |
| **ОБУКА** | Вторник | 6.11.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Среда | 14.11.2018 | |
| **УПРАВИТЕЛИ** | | | |
| **ОБУКА** | Четврток | 27.9.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Четврток | 4.10.2018 | |
| **ОБУКА** | Среда | 31.10.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Среда | 7.11.2018 | |
| **АДР** | | | |
| **ОБУКА** | Вторник | 9.10.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Четврток | 18.10.2018 | |
| **ОБУКА** | Понеделник | 29.10.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Вторник | 6.11.2018 | |
| **АДР СОВЕТНИЦИ** | | | |
| **ОБУКА** | Четврток | 29.10.2018 | [ 10 ч. ] |
| **ПОЛАГАЊЕ** | Петок | 7.11.2018 | |





ЦЕНТАР ЗА ОБУКА | СЕРТИФИКАТИ | МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКРЕДИТАЦИИ

АМЕРИТ
ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

тел. 02/ 32 98 967 лок.130
e-mail: obuka@amerit.org.mk


ОСИГУРЕНИ ГУМИ,
СИГУРНО ВОЗЕЊЕ
ЕДИНСТВЕНО ВО **МОТОЦЕНТАР**
MOTOCENTAR
triglav
За повеќе информации
www.motocentar.com.mk I www.triglav.mk


РЕГИСТРИРАЈ СЕ НА ВИСТИНСКОТО МЕСТО
• ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И РЕГИСТРАЦИЈА НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА • МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ • АТП ПРЕГЛЕД •
• ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО • КАЛИБРАЦИЈА НА ДИГИТАЛНИ И АНАЛОГНИ ТАХОГРАФИ •
• ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИ ТАБЛИЧКИ И ПОТВРДА ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ • СИТЕ ВИДОВИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД СИТЕ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ •
ул. „1506" бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 лок. 113
MakedonijaSoobrakajAMERIT | www.amerit.org.mk
МОТО АМЕРИТ

## АКТУЕЛНО



8

Во СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ

**Континуиран пораст во издавањето на мемориски картички за дигитални тахографи**

## ТЕМА НА БРОЈОТ



9

Македонските превозници конечно на пат да го добијат долгоочекуваниот транспортен капацитет

**Тргнаа работите со мултимодалниот јазол во Трубарево**

## ИНТЕРВЈУ



13

Милева Ивановска,
Сектор за поврат на ДДВ од странство при СИЗ „Македонија сообраќај“– АМЕРИТ

**Ние сме блиски партнери на транспортерите за поврат на ДДВ**

### 12 АКТУЕЛНО

Нова спогодба на Националното биро за осигурување на Република Македонија

**Побрзо обесштетување по сообраќајка и во Германија**

### 17 ЛОГИСТИКА

На ИАА Комерцијални возила 2018 во Хановер – TIMOCOM со нов бренд-настап стана пионер за Smart Logistics System

**Augmented Logistics за европската логистика**

### 18 РАЗГОВОР СО...

„Башким Турс“ од Тетово

**Полнолетство исполнето со интензивен и импресивен развој**

### 20 ЦАРИНА

Работни средби на делегации на ЕУ и на Царинска управа на Р. Македонија

**Заеднички посети на ГП Табановце Автопат, Деве Баир, Ќафасан...**

21 Царинска управа на Република Македонија домаќин на значен меѓународен настан

**Одржан е состанок за олеснување на царинењето меѓу Кина, Унгарија, Србија и Македонија**

### 22 ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Интензивирана изградбата на двата автопати што се реализираат со кинескиот кредит

**Финале на Миладиновци – Штип, а нови анекси за Кичево – Охрид**

23 Според најодговорните за изградба на патната мрежа во земјава

**Се работи на инфраструктурни проекти вредни 800 милиони евра**

### 24 МЕРИДИЈАНИ

Преку својата Комисија за социјални работи

**ИРУ презема акција против глобалниот недостиг на возачи**

### 27 МЕТРОПОЛА

Интензивни активности за реализација на три мегапроекти во Скопје

**Ќе се градат подземни сообраќајници, нови мостови и булевари**

### 28 БЕЗБЕДНОСТ

За 19 Септември – Европскиот ден без жртви во сообраќајот

**Реализирана кампања под мотото „Намалувањето на брзината спасува животи“**

21 Со почетокот на новата учебна година

**Децата во фокусот на акциите за безбедност во сообраќајот**



ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Адреса:
бул. Партизански одреди 17/4, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 224
Факс: 02 32 98 968
e-mail: amerit@amerit.org.mk
web: www.amerit.org.mk
facebook: MakedonijaSoobrakajAMERIT
жиро-сметка: 320100023724261
Депонент: Централна кооперативна банка АД
Даночен број: 4030000394212


ТЕКСТОВИТЕ И ФОТОГРАФИИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ


Адреса:
ул. „1506“ бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 967
Издава:
СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ
Подготвува и уредува:
Здружение за комуникација со јавноста „Контакти“ - Скопје
Дизајн и печатење:
НЕКСТ ПРИНТ ДИГИТАЛ, Скопје
Лектура:
Матилда Саздова

## Пожар и некои други опасности

Заштитете го вашиот имот од пожар, удар од гром, поплава, удар од непознато моторно возило и други видови опасности.

## Домаќинско

Заштитете го вашиот дом од пожар, кражба и одговорности од трети лица.

## Кражба и разбојништво

Не дозволувајте вашата компанија да биде цел на кражба и разбојништво..

## Машини

Осигурајте ги вашите машини од расипување.

## Животно осигурување

Заштитете се Вие и Вашето семејство со полиса за животно осигурување

## Авто-одговорност

Задолжителна регистрација на Вашето моторно возило

## Каско

Доброволно осигурување од штета на сопственото моторно возило од најразлични оштетувања.

# СИТЕ ВИДОВИ ОСИГУРУВАЊЕ НА ЕДНО МЕСТО

## Превоз на стоки (Карго)

Превоз на стоки (карго) во домашен и меѓународен транспорт.

## Одговорност на превозници

Одговорност на превозници во меѓународен и домашен транспорт.

## Бродови и чамци на моторен погон

Задолжително осигурување на бродови и чамци на моторен погон од одговорност за штети причинети на трети лица.

**ул.Коле Неделковски бр.12А-1, 1000 Скопје |**
**тел. 02/329 99 29**
**www.nob.mk | nob@nob.mk**

Во СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ



# КОНТИНУИРАН ПОРАСТ ВО ИЗДАВАЊЕТО НА МЕМОРИСКИ КАРТИЧКИ ЗА ДИГИТАЛНИ ТАХОГРАФИ

Согласно со добиеното јавно овластување, АМЕРИТ ги издава овие картички од почетокот на 2011 година

СИЗ „Македонија сообраќај“ - АМЕРИТ бележи континуиран пораст во издавањето на мемориски картички за дигитални тахографи што го надминува предвиденото зголемување опфатено со стратешкото планирање на заедницата на годишно ниво. АМЕРИТ ги издава овие картички од почетокот на 2011 година, согласно со Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и возачите, како и уредите за запишување во патниот сообраќај, откако претходно нашата најстара транспортна асоцијација го доби јавното овластување од Министерството за транспорт и врски за издавање мемориски картички за период од 15 години.

Во АМЕРИТ се издаваат четири вида мемориски картички, и тоа: возачка – за возачите на камиони и автобуси, превозничка – за транспортни фирми, работилничка – за сервисните работилници каде што се активираат и сервисираат тахохрафите и контролна картичка – наменета за инспекциските и полициските органи, кои го надгледуваат нивното користење и во меѓународниот сообраќај. Првите две картички се со рок на важност од пет години, третата – една година, а четвртата е со рок на важност две години. Возачката картичка го идентификува возачот и овозможува меморирање, односно чување на податоците за неговата активност. Картичката на превозникот е издадена на сопственикот или изнајмувачот на возилата со вграден тахограф, а таа го идентификува превозникот, овозможува приказ, преземање и печатење на податоците што се наоѓаат во тахографот. Работилничката картичка го идентификува сопственикот на картичката и овозможува тестирање, калибрација и/или преземање на податоците од тахографот, а контролната картичка го идентификува службеното лице од органот за надзор, односно контролата која ја врши надзорот и овозможува да се добие пристап до податоците складирани во меморијата за податоци во возилото или во возачката картичка за читање, печатење и/или преземање на податоци.

Постапката за издавање на мемориските картички почнува со поднесување на барање со прилог на соодветна документација до СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, како носител на јавно овластување за имплементирање на системот за дигитални тахографи на територијата на Република Македонија. По барањето се одлучува во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување. Доколку е поднесено барање за замена на картичка поради оштетување или неможност за пренос на податоци, како и поради губење или кражба на картичката, се одлучува во рок од 5 работни дена. Цената на картичката е 32 евра + 18 % ДДВ во денарска противвредност.

Дигиталниот тахограф е уред за бележење на брзината и поминатиот пат, како и за времето на работа и одмор каде што податоците се запишуваат во работната меморија и во мемориската картичка, а истиот овозможува чување на податоците за период од 365 дена. Согласно со Законот, возилата чија максимална маса и/или заедно со приклучното возило е поголема од 3,5 тони и автобусите конструирани или трајно приспособени за превоз на повеќе од девет патници вклучувајќи го и возачот, кои учествуваат за превоз во патниот сообраќај, треба да имаат вграден дигитален тахограф.

За соодветно и непречено користење на мемориските картички за дигитални тахографи, АМЕРИТ организира обуки за транспортните компании. Во случај на дефект или неправилност во работењето на тахографскиот уред, потребно е, штом тоа го овозможат околностите, возилото да се даде на поправка во овластена работилница. Доколку возилото не може да се врати во базата во рок од една недела од денот на настанувањето на дефектот или на откривањето на неправилностите во работењето, поправката се извршува на патот (забрането е да се вози повеќе од 15 дена без валидна возачка картичка).

Инаку, ако транспортерите не извадат мемориски картички ќе се соочат со ригорозни казни во земјите на Европската Унија и нема да може да транспортираат на тамошните транспортни пазари.

Ј.С.Б.

За задолжителното архивирање на податоците запишани во картичките

## АМЕРИТ нуди и ТАХО СНИМАЧИ

Во СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, заинтересираните патни транспортери ќе може да набават и ТАХО СНИМАЧ, којшто е наменет за снимање (архивирање) на податоците запишани во мемориските тахографски картички и на податоците во самиот дигитален тахограф во една централизирана база на податоци. Таму, тие се чуваат во безбедна околина според правилата пропишани со меѓународните ISO стандарди. ТАХО СНИМАЧ решението е развиено според регулативите на Европскиот стандард за снимање на опрема во превозниот сообраќај COUNCIL REGULATION (EEC) No 3821/85, како и во согласност со Законот за работно време, задолжителни одмори на мобилните работници и уредите за запис во патниот превоз, според кој, превозниците мора да ги архивираат податоците на секои 28 дена.

Македонските превозници конечно на пат да го добијат долгоочекуваниот транспортен капацитет




# ТРГНАА РАБОТИТЕ СО МУЛТИМОДАЛНИОТ ЈАЗОЛ ВО ТРУБАРЕВО

**Владата и Министерството за транспорт и врски одлучија до крајот на годинава да се распише тендерска постапка за избор на консултант, кој ќе изработи проектна документација за мултимодален јазол во Трубарево, а потоа во септември 2019 година да се започне со негова изградба и за две години да се изгради**

Македонските патни превозници конечно, во блиска иднина, и на домашен терен ќе дочекаат да користат еден, во светот одамна познат транспортен капацитет – мултимодален јазол, каде што ќе се вкрстуваат разни или попрецизно најмалку два вида сообраќај и секако специфични за нив транспортни средства. Конкретно, станува збор за железница – возови и патен транспорт – камиони, па и комби-возила, при што скопско Трубарево е точката, локацијата на тој прв мултимодален транспортен јазол во Македонија што набрзо треба да се изгради и да им понуди на нашите превозници цел сет можности што сега ги имаат во баквите мултитранспортни центри во развиените европски држави, во кои често вршат транспорт, испорака, претовар, сортирање и складиштење на стоките, по што следува нивна дистрибуција до крајните места и корисници, односно конзументи. Владата и Министерството за транспорт и врски одлучија да започне финалната фаза од подготовките за реализација на мултимодалниот транспортен јазол во Трубарево, со рамковна динамика за изработка на проектната документација, а потоа и за изградба на овој капацитет.

Предлог-проектот за мултимодалниот јазол во Трубарево беше одобрен од Европската комисија во мај годинава, а во тек е изработката на проектната програма во соработка со ЈАСПЕРС, инструментот за помош и поддршка на проектите во европските региони, чија цел е да им се понуди техничка експертиза на земјите кои ги користат европските фондови за да се зголеми квалитетот и квантитетот на проектите кои се испраќаат кон Европската комисија, која е еден вид конзорциум во овој инструмент заедно со Европската инвестициска банка (EIB), Европската банка за обнова и развој (EBRD) и Германската развојна банка (KFW). Само за илустрација, до 2017 година ЕК одобрила вкупно 536 предлози за финансирање проекти што ги поддржал ЈАСПЕРС, со вкупна вредност од 84,5 милијарди евра, од кои 60,7 милијарди евра се неповратна помош од ЕУ. По изработката на проектната програма во соработка со ЈАСПЕРС, ќе се комплетира тендерското досие и е предвидено до крајот на 2018 година да се распише тендерска постапка за избор на консултант, кој ќе изработи проектна документација за мултимодален јазол во Трубарево. Како што нè информираа од ресорното министерство, зацртаната временска рамка за овој проект е дека тој треба да започне со реализација во септември, 2019 година, а изградбата да биде со рок на траење од 24 месеци, односно да заврши во септември 2021 година. Инаку, Трубарево беше една од четирите можни локации, меѓу кои се и: Бунарџик, Јурумлери и Кичево што Владата и нејзиното ресорно министерство уште во 2013 година ги селектираа (од потенцијални 12) дека би можеле да бидат мултимодални транспортни јазли кај нас. Трубарево



е избрано како најповолна локација за мултимодален транспортен јазол поради железницата, која е поодамна присутна тука, а и Јурумлери се смета за идеална локација бидејќи е во близина на автопатот. Бунарџик е поволна локација поради близината до аеродромот и индустриските развојни зони што овозможува брз влез и излез на стоки.

Поволноста на Кичево е во тоа што се наоѓа на завршетокот на железничката пруга, за која е во план железничко поврзување со Албанија. Во Европа функционираат повеќе од 600 вакви мултимодални транспортни центри што ги поврзуваат потрошувачите и производителите, популарно кажано – на одржлив начин. Мултимодалниот транспорт комбинира различни видови транспорти на стоки, но и превоз на патници, и тоа: бродски, железнички, патен и воздушен превоз што се врши со различни транспортни средства при што превозникот е одговорен за целиот превоз, иако тој може да се врши од страна на неколку подпревозници. Всушност, мултимодалната транспортна мрежа е логистички поврзан систем што користи два или повеќе начини на транспорт за единствена тарифна стапка, каде што видовите транспорт имаат заеднички карактеристики, овозможувајќи товарот или луѓето да бидат трансферирани помеѓу разните точки за најбрзо времетраење на транспортот од почетната до крајната дестинација. Таквата мултимодалност подразбира давање услуга со еден билет – за патници или една товарна сметка – за стоки, а нејзиниот квалитет е во директна зависност од работењето со податоците и од нивната обработка, како и од дистрибутивните системи, кои работат со неколку видови транспорти. Неговата успешност зависи од времето што го овозможува, од местото, формата, шемата на мрежата, бројот на јазлите, врските, типот и карактеристиките на возилата и терминалите.

**Досега се селектирани четири локации за мултимодални транспортни јазли во Македонија, освен во Трубарево, и во Јурумлери, Бунарџик и Кичево, во кои има вкрстување на најмалку два вида сообраќај**

Поради сето тоа, македонските превозници, кои одамна иницираат изградба на вакви мултитранспортни центри, потоа „СИЗ Македонија сообраќај" – АМЕРИТ, која ги артикулира интересите на голем дел од нив, како и остатокот од бизнис-заедницата го прифатија и го поддржаа овој проект. Тој веќе доби голема поддршка и од Стопанска комора на Македонија, каде што преку претседателот Бранко Азески се произнесоа за итно креирање национална политика и регулаторна рамка за создавање мрежа на мултимодално поврзување, како и за вклучување на бизнис-заедницата од аспект на унапредување на услугите на дејноста сообраќај и заживување на концептот на приватно-јавно партнерство во реализацијата на ваквите проекти.

Поаѓајќи од тие позиции и од таквата поддршка, Министерството за транспорт и врски годинава влезе во клучната фаза за дефинирање на конкретните активности за одредување на споменатата динамика за реализација на овој повеќекратно значаен проект, кој беше презентиран и во меѓународни рамки. Така, министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, пролетоска учествуваше и на „Конференцијата за европскиот мултимодален транспорт како можност за подобро поврзување", која се оддржа во Софија, Република Бугарија, каде што ја претстави стратегијата на Република Македонија за развој на мултимодалниот транспорт со четирите потенцијални интермодални центри во земјата, а потоа и изработената физибилити студија со една утврдена точка во Трубарево, каде што се вкрстуваат патничкиот и железничкиот транспорт и каде што мултимодалниот центар треба да обезбеди побрзо и поефикасно одвивање на целокупниот транспорт. Таму најави и дека наскоро ќе се изработи проектна документација и ќе се распише јавен повик за изградба на



таква функционална целина, која ќе ги задоволи сите меѓународни стандарди за унапредување на севкупниот транспорт во државата.

– Имавме можност да видиме различни искуства во земјите од Европа за тоа како е спроведен мултимодалниот транспорт. Нашата стратегија во унапредување за овој вид на одвивање на транспортот ја претставив пред колегите министри. Сметам дека сме во вистински правец за олеснување на транспортот во државата преку оваа форма – изјави тогаш министерот Сугарески во врска со овој зафат, од кој патните транспортери во земјава имаат големи очекувања и надежи дека ќе им даде силен импулс во понатамошното работење. Во тоа можевме да се увериме и самите во разговорите со некои од нив, а кои со оптимизам зборуваат околу предностите на еден ваков проект, иако, како што велат, во моментов немаат многу информации за него.

– Слушнав дека и кај нас ќе се реализира еден таков мултимодален јазол, но не сум во детали запознаен со податоците кога и како ќе биде изграден, иако веднаш да кажам, сметам дека е недостаток што досега не е направен. Неговите предности се огромни во однос на потребите од поголема мобилност и ефикасност на транспортот и на транспортните оператори. Сигурно и транспортните трошоци би биле помали зашто сè би се одвивало на едно место. Ние сме претежно ориентирани на транспорт во билатерала, со еден утовар и еден истовар, а досега мултимодалниот го избегнувавме како можност и модалитет токму затоа што нема вакви транспортни центри кај нас – вели Богданчо Врглески, главен диспечер на „Маком“ од Прилеп, која располага со 36 товарни возила, а превезува до и од дестинации во земјите од поранешниот СССР и во скоро цела Европа, без Скандинавија. Влегувањето на Владата и на Министерството за транспорт и врски во завршната фаза од подготовките за изградбата на мултимодален транспортен јазол во скопско Трубарево, го поздравува и Тони Мијалковски, управител на транспортната фирма „Еурека транспорт“ од Скопје.

**Овој проект доби значителна поддршка и од транспортерите и од останатиот дел од бизнис-заедницата затоа што имаат големи очекувања и надежи дека ќе им даде силен импулс во понатамошното работење**

– Конечно требаше и кај нас да се изгради еден таков транспортен капацитет за и ние во нашата земја да ги користиме сите придобивки и широки можности во работењето со утоварот и истоварот на разни видови стоки на една локација, како и за воспоставувањето нови врски и поврзувања со партнерите и комитентите, односно со корисниците на нашите услуги. Локацијата во Трубарево е добро решение, надвор од градот, а сепак блиску за секаква манипулација со стоките од голем број индустриски капцитети. Секако, како држава доцниме со подигањето на еден ваков транспортен центар, но добро е што најпосле и дефинитивно е согледана потребата од него и што, се надевам, ќе го имаме во блиска иднина. Ние, како транспортна фирма, во своето 11-годишно постоење веќе имаме ис-куство во користењето услуги на вакви мултимодални јазли и центри, без кои во Европа е незамисливо работењето на транспортерите. Со нашите возила повеќе вршиме транспорти за и од Русија, при што низ непрегледните пространства, често сме посетувале, минувале, товарале и истоварале разни видови стоки во огромни мултимодални транспортни јазли, каде што се вкрстуваат повеќе видови сообраќај и транспортни средства – додава Мијалковски.

**Ј.Б.**



Конечно е потпишана заедничката декларација

## Македонските возачки дозволи се признаени и во Германија



Македонските граѓани ќе можат да извршат замена на македонските со валидни возачки дозволи во Германија, без да бидат изложени на дополнителни трошоци

Македонските граѓани кои престојуваат на територијата на Германија ќе немаат потреба од меѓународна возачка дозвола, туку на свое барање ќе можат да извршат замена на македонската возачка дозвола. Ова се предвидува со заедничката Декларација за признавање и замена на возачки дозволи меѓу Македонија и Германија што неодамна во Скопје ја потпишаа, министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски и амбасадорот на СР Германија во нашата земја, Томас Герберих.

– Со ова ќе им овозможиме на нашите граѓани, од двете пријателски земји, да ги користат бенефитите од меѓусебното признавање на возачките дозволи – истакна министерот Спасовски, потсетувајќи дека преговорите за потпишување на овој документ траеја долго, речиси две децении, а во почетокот на годинава од наши граѓани во Германија беше поднесена и петиција со над 40.000 потписи. Македонската Влада, на 26 јуни годинава ја усвои декларацијата, со која се отвора патот за меѓусебно признавање на возачките дозволи со Германија, откако по преговорите меѓу надлежните министерства во мај годинава беше усогласен нејзиниот текст. Од практичен аспект ова значи дека на територијата на двете земји, граѓаните кои ги исполнуваат условите според Декларацијата (законски престојуваат подолго од 180 – 185 дена во другата земја во текот на годината, имаат важечки национални возачки дозволи и кои наполниле 18 години) ќе можат да извршат замена на националните возачки дозволи, со валидни возачки дозволи од земјата во која престојуваат, без да бидат изложени на дополнителни трошоци за повторно полагање на возачките испити или за обезбедување лекарски потврди и слично. Вакви и слични договори имаме со повеќе европски земји: Италија, Шпанија, Белгија, Романија, Чешка, Унгарија, Австрија, со земјите од регионот – Србија, БИХ, Албанија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Црна Гора, а во завршна фаза се и со: Турција, Велика Британија, соседно Косово, како и со Австралија и Нов Зеланд.

Нова спогодба на Националното биро за осигурување на Република Македонија



# ПОБРЗО ОБЕСШТЕТУВАЊЕ ПО СООБРАЌАЈКА И ВО ГЕРМАНИЈА

Нашите возачи во Германија и германските во Македонија ќе можат правото на надомест на штета од сообраќајки да го остварат и по враќањето во матичната држава, со помош и асистенција на националните бироа

Македонските возачи, во случај на сообраќајна несреќа во Германија ќе можат да направат побрз и поефикасен надомест на штета со Спогодбата за заштита на посетители потпишана помеѓу Националното биро за осигурување на Република Македонија и Германското биро за зелена карта. Спогодбата, која важи и за германските возачи при евентуални сообраќајки во Македонија, стапи во сила на 1 септември, а ја потпишаа Трајче Латиновски, генерален директор на Националното биро за осигурување на Република Македонија и Сандра Шварц, директорка на Германското биро за зелена карта. Со неа е предвидено, лице кое претрпело штета на територијата на другата држава, по враќањето во матичната држава, да се обрати во своето национално биро за осигурување, кое во соработка со бирото на државата во која се случила незгодата, ќе овозможи побрзо собирање на документи и информации потребни за остварување на правата за надомест на штета.

– Потпишаната Спогодба претставува големо олеснување за возачите од двете држави бидејќи веќе нема да мораат да ги нарушуваат или одлагаат своите деловни или туристички планови за да ја наплатат штетата. Во иднина, тие ќе можат правото на надомест да го остварат и по враќањето во матичната држава, со помош и асистенција на националните бироа. Покрај тоа што претставува исчекор во заштитата на граѓаните, осигурителните друштва и возачите, Спогодбата дополнително ќе ја унапреди и соработката помеѓу двете држави, преку унапредување на транзитот, туризмот и прометот помеѓу Република Македонија и Република Германија – истакнува Латиновски.

Вакви спогодби нашето Национално биро за осигурување има потпишано и со бироата на: Грција, Турција, Швајцарија, БиХ, Црна Гора, Луксембург, Србија, Хрватска, Бугарија, Словенија и Албанија.

Најава од Агенцијата за супервизија на осигурувањето

## Зелен картон да се добива со регистрацијата на возилото

При регистрација на возилото, заедно со полисата за автоодговорност треба да се добива и зелен картон, а за тоа е потребно домашната регулатива за осигурување да се усогласи со европската и паралелно да се либерализира осигурителниот пазар. Притоа, секое осигурително друштво само ќе ја формира цената на автоодговорноста на слободен пазар, а не како сега кога има една регулирана цена. Ова неодамна го најавија од Агенцијата за супервизија на осигурувањето, од каде што посочуваат дека согласно со Националната програма за усогласување со европското законодавство е подготвена нова регулатива во нацрт-верзија, за нов закон за осигурување, кој би добил зелено светло до крајот на 2019 година.

– Она што треба да се направи при усогласувањето со европската регулатива е зелената карта да не биде повеќе посебна полиса и посебна премија туку да биде дел од полисата за автоодговорност, која секое возило треба да ја има при неговата годишна регистрација. Исто така, треба да се либерализира пазарот во сегментот на слободно формирање на цената за автоодговорност од страна на друштвата за осигурување, при што може да се направи и да нема голема промена на цените или зголемување може да има неколку проценти поени или може да биде за возила со мала кубикажа да има минимален пораст, додека кај другите возила со поголема кубикажа да има повисока цена. За моделот не може да се каже во моментот, тоа ќе го понуди Владата по направените анализи – вели Климе Попоски, претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

Според него, за да се случи сето ова треба да се решат неколку работи, а тоа е нула-толеранција за неосигурани возила, потоа да се реши проблемот со доцнењето во обновувањето на полисите за автоодговорност, а и во делот на



исплата на штета кога за ист вид повреда има различна судска практика. Став на Агенцијата е дека прво може да настане спојување на зелената карта со автоодговорноста, а потоа да се пристапи кон либерализација на осигурителниот пазар и во овој дел.

МИЛЕВА ИВАНОВСКА
Сектор за поврат на ДДВ од странство при СИЗ „Македонија сообраќај"– АМЕРИТ



# НИЕ СМЕ БЛИСКИ ПАРТНЕРИ НА ТРАНСПОРТЕРИТЕ ЗА ПОВРАТ НА ДДВ

**Госпоѓа Ивановска, транспортерите како впрочем и другите стопански субјекти во државата, кои се регистрирани како даночни обврзници, се постојано заинтересирани за поврат на данокот на додадена вредност за набавени производи или добиени услуги во странство, а наскоро ќе им следува и редовно поднесување на годишните ДДВ пријави. Што е најважно за успешно завршување на овие обврски?**

Работиме на една многу специфична материја, која и за транспортерите, и за другите фирми во државата, регистрирани како даночни обврзници, а и за нас кои ја вршиме оваа услуга, изискува строго почитување на одредени законски норми, односно правила и прописи. Притоа, како Сектор кој функционира во рамките на СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ, која во својот делокруг на активности во интерес на своите членки ја има и услугата за поврат на данок, укажуваме дека за нејзина непречена реализација, една од најважните работи е исправноста на документацијата за давачките што превозниците ги имале во странство, а за кои бараат поврат на ДДВ. Имено, сметките што тие ги поседуваат треба да ги содржат следните податоци: датум на издавање, односно датум на фактура, број на фактура, назив на снабдувач или назив на компанија, седиште и ДДВ идентификациски број, назив и количина на стоката или услугата, податоци за компанијата на клиентот, како и јасно изразено ДДВ и ДДВ-стапка, нето-износ на сумата и бруто-износ на сумата на сметката.

> За поврат на ДДВ од странство неопходна е комплетна и исправна документација, која треба да биде целосно во согласност со законите на земјите од каде што се бара поврат на ДДВ за одредени давачки што ги имале транспортерите кај нив

**Има многу податоци, фактури и документација. Зошто е тоа така и од кои земји вршите поврат на ДДВ?**

Ваквото укажување што го даваме од Секторот за поврат на ДДВ од странство при АМЕРИТ, во однос на потребните податоци, фактури и документација за реализирање на повратот на наплатеното за овој данок, е поради тоа што овде станува збор за одлив на средства од земјите од кои се бара поврат на данокот, а кои имаат воведено построги контроли на документацијата и бараат таа да биде целосно во согласност со нивните закони. Инаку, АМЕРИТ врши поврат на ДДВ од следниве земји:

www.amerit.org.mk



Австрија, Белгија, Бугарија, Англија, Данска, Ирска, Луксембург, Норвешка, Полска, Словенија, Финска, Франција, Холандија, Шведска и Србија.

Сите транспортни компании, кои се регистрирани како даночни обврзници, може да го остварат правото на поврат на ДДВ за одредени набавени продукти и добиени услуги во странство, за што АМЕРИТ соработува со домашни и странски компании и институции

**За кои набавени производи, односно добиени и платени услуги во странство, транспортерите најчесто бараат поврат на ДДВ и прецизирајте ни како овој Сектор при АМЕРИТ го оправдува своето деловно мото „Едноставна процедура, зголемена добивка“?**

Ние како Сектор при АМЕРИТ, редовно на сите заинтересирани транспортни компании, кои се регистрирани како даночни обврзници, им посочуваме дека кај нас може да остварат право на поврат на ДДВ за одредени набавени продукти и услуги во странство, како на пример, набавка на гориво, плаќање патарини во странство и други трошоци што се со поврат на овој данок, односно конкретно на ДДВ. За таа цел, АМЕРИТ соработува и со домашни и со странски компании, а за сите нив, асоцијацијата нуди квалитетна услуга за поврат на ДДВ од сите европски земји во кои постојат услови, потоа врши поврат на ДДВ за странски компании од Македонија, како и следење на ДДВ регулативата, и тоа со минимална административна процедура и по најбрза можна постапка. Сето тоа е во согласност со нашето деловно мото „Едноставна процедура, зголемена добивка“ што го спроведуваме на задоволство на корисниците на нашите услуги.

**Во кои периоди во текот на годината се процесираат фактурите, односно документацијата на транспортерите за поврат на ДДВ?**

Како Сектор за поврат на ДДВ од странство при СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ редовно, и преку јавните гласила и преку нашата веб-страница www.amerit.org.mk информираме дека доколку се исполнети минималните износи за поврат на ДДВ, фактурите на транспортните компании може да се процесираат квартално, при што фактурите за секој фискален квартал треба да се доставаат не подоцна од 15 дена од завршетокот на секој кавартал. Тоа може да се види и од табелата што ја нудиме, каде што се наведени крајните рокови за оваа достава на




| Квартал: | Крај на квартал: | Краен рок за испраќање фактури: |
|---|---|---|
| I | 31 март | 15 април |
| II | 30 јуни | 15 јули |
| III | 30 септември | 15 октомври |
| IV | 31 декември | 15 јануари |

**Проценти на ДДВ од поодделните земји и минималните износи кои се потребни за да се аплицира за повратот на ДДВ на квартално и на годишно ниво:**



Доколку се исполнети минималните износи за поврат на ДДВ, фактурите на транспортните компании може да се процесираат квартално, при што тие за секој фискален квартал треба да се доставаат не подоцна од 15 дена по завршетокот на секој квартал

фактурите. Покрај оваа табела, за транспортерите е битна и табелата со проценти на ДДВ од поодделните земји и минималните износи кои се потребни за да се аплицира за поврат на ДДВ на квартално и на годишно ниво.

**Што ќе се случи доколку се задоцни со доставата на одредени фактури, односно доколку се пречекори дадениот краен рок за некој квартал?**

Сите задоцнети фактури за определен квартал ќе се процесираат како дел од годишното побарување на одредена компанија, а сите фактури, со кои се затвора годината, треба да се донесат кај нас во Секторот за поврат на ДДВ од странство при СИЗ „Македонија сообраќај" – АМЕРИТ, најдоцна до 31 март.

J.Б.

| Земја | ДДВ стапка | Квартално | Валута | Годишно | Валута |
|---|---|---|---|---|---|
| Австрија | 20 % | 400 | € | 50 | € |
| Белгија | 21 % | 400 | € | 50 | € |
| Бугарија | 20 % | 400 | BGN | 50 | BGN |
| Англија | 20 % | 130 | GPB | 16 | GPB |
| Данска | 25 % | 3.000 | DKK | 400 | DKK |
| Ирска | 23 % | 400 | € | 50 | € |
| Луксембург | 17 % | / | € | 250 | € |
| Норвешка | 25 % | 2.000 | NOK | 200 | NOK |
| Полска | 23 % | 1.600/400 | PLN/€ | 200/50 | PLN/€ |
| Словенија | 22 % | 400 (6 месеци) | € | 50 | € |
| Финска | 24 % | 400 | € | 50 | € |
| Франција | 20 % | 400 | € | 50 | € |
| Холандија | 21 % | 400 | € | 50 | € |
| Шведска | 25 % | 4.000 | SEK | 500 | SEK |
| Србија | 20 % | / | / | 200 | € |

Преку проектот СТРАС и Програмата за прекугранична соработка



# МАКЕДОНИЈА И ГРЦИЈА СО ЗАЕДНИЧКА ГРАНИЧНА ПРОВЕРКА ЗА ОТКРИВАЊЕ РАДИОАКТИВНИ МАТЕРИИ

Македонија и Грција со заедничка гранична проверка за откривање радиоактивни материи

Македонија и Грција ќе воспостават заедничка проверка на граничните премини за откривање радиоактивни опасни материи и ќе ја подобрат соработката за да се намалат ризиците од сообраќајни несреќи и евентуално загадување од радијација. На оваа тема, неодамна во Дојран разговараа научници и претставници на надлежни органи од двете земји во рамките на проектот СТРАС „Безбеден прекуграничен транспорт на опасни радиоактивни материјали“. Притоа, беше посочено дека активностите на двете земји вклучуваат детекција и локализација на радиоактивни извори со модерна опрема (која ќе биде набавена преку проектот), означување на опасни сообраќајни точки на патиштата, развивање заеднички протоколи за интервенција во случај на сообраќајки со радиоактивни материјали, како и спроведување на соодветни обуки за тоа.

– Основна цел на проектот е да се оневозможи создавање и транспорт на т.н. „валкани“ бомби од страна на терористичките групи. Сè поголема е загриженоста на меѓународната, особено на европската заедница, од овие опасности, по ужасните напади во Брисел и извештаите дека терористите работат на стекнување радиоактивен материјал за да се создаде валкана бомба – вели професор д-р Даме Димитровски од Машинскиот факултет во Скопје.

На крајот на проектот, Македонија и Грција ќе воспостават заедничка проверка на граничните премини за откривање радиоактивни опасни материи, но проблем е недостатокот на соработка помеѓу двете земји, а резултатот е одложување на таквите товари, а во некои случаи и на луѓето во прекуграничната област.

– Грција инсталираше мониторинг-портал за радијација уште во 2004 година на границата, а вие имате преносни детектори за утврдување на зрачење од радиоактивни материјали. Беа направени неколку напори за подобрување на безбедноста и сигурноста на транспортот на радиоактивни и други опасни материи кои може да претставуваат значителен ризик за поединците, за општеството и за животната средина. И покрај тоа, годишно се следат неколку инциденти, особено за време на прекуграничното движење на стоките. Корисници од овој проект се националните власти кои, меѓу другото, се надлежни да обезбедат контрола во областа на радијационите материјали – вели професор д-р Стелиос Ксантос од Технолошкиот образовен институт „Александар“ во Солун, Грција.

Вкупниот буџет на проектот изнесува 946.452 евра, а македонските партнери ќе добијат 341.910 евра за спроведување на активностите во следните 24 месеци. Средствата се обезбедени во рамките на ИНТЕРЕГ ИПА-Програмата за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција. **Ј.С.Б.**

Асоцијација на превозници „Исток“

# „ДИВИТЕ ПРЕВОЗНИЦИ“ ГИ УКИНУВААТ ЛИНИИТЕ НА ЛЕГАЛНИТЕ

Од „Исток“ апелираат надлежните да преземат мерки за сузбивање на нелегалниот превоз со автомобили и комбиња

Драстично е намален бројот на патници бидејќи поради „дивите превозници“, регистрираните и легалните се принудени да ги намалуваат или укинуваат автобуските линии. Со тоа, државата на годишно ниво губи околу 600 милиони денари. Ова неодамна го посочија од Асоцијацијата на превозници „Исток“, апелирајќи надлеж-ните да преземат мерки за сузбивање на нелегалниот превоз со автомобили и комбиња.

– Претходно, на дивите превозници им се одземаа возилата, но Уставниот суд ја укина оваа мерка. И покрај тоа, во законот, со повеќе акти има можност за решавање на проблемот, односно со привремено одземање на возилото во траење од 30 дена и да се изрече мерка согласно со прекршокот што го направил превозникот кој не поседува ниту основна лиценца, ниту е регистриран за претежна дејност и со други работи за да биде легитимен превозник – изјави Горан Трпковски, претседател на Асоцијацијата „Исток“.

Од „Исток“, каде како проблем го потенцираат и одливот на професионални возачи во странство, ги поздравија неодамнешните измени на Законот за превоз во патниот сообраќај, со кои на нов начин се уредува превозот на ученици, и тоа со постојните општински и меѓуопштински линии. Како една од мерките за нивна поддршка, предлагаат државата за студентите, покрај за железнички превоз да дава субвенции и за автобускиот превоз. Во „Исток“ велат дека кај нив членуваат 90 проценти од 150 автобуски превозници во земјава, кои вкупно вработуваат меѓу 700 и 1.000 лица.

На ИАА Комерцијални возила 2018 во Хановер – TIMOCOM со нов бренд-настап стана пионер за Smart Logistics System

# AUGMENTED LOGISTICS ЗА ЕВРОПСКАТА ЛОГИСТИКА

**TIMOCOM, на водечкиот саем за мобилност, транспорт и логистика во Германија го претстави своето ново флексибилно лого како прв Smart Logistics System и отсега се залага за Augmented Logistics**

Осмипат по ред TIMOCOM, како водечка европска ИТ-компанија за логистика, се престави на IAA 2018 комерцијални возила во Хановер. Годинава, TIMOCOM ја искористи оваа можност за специјален хајлајт. Компанијата, на водечкиот саем за мобилност, транспорт и логистика го претстави своето ново флексибилно лого како прв Smart Logistics System и отсега се залага за Augmented Logistics.

Повеќе од дваесет години, TIMOCOM заедно со своите клиенти одрдживо ја трансформира и дигитализира логистичката индустрија, а сега компанијата „го оди“ со нив следниот развоен чекор и се трансформира. Основа за ова е новата корпоративна визија и мисија. TIMOCOM верува во свет без логистички предизвици и за мисија си постави да ја направи логистиката паметна, безбедна и едноставна. Се разбира, оваа стратешка ориентација се рефлектира и во новиот имиџ на брендот. Но, кои се релевантните фактори за оваа трансформација?

### Ова е Smart Logistics System

Ансгар Макс, директор за IT, ја објаснува промената од транспортна берза кон пионерски систем за иднината на логистиката: – TIMOCOM одамна не е само транспортна берза или платформа која се фокусира исклучиво на транспортот. Smart Logistics System е сублимат на многу различни апликации, услуги и интерфејси. Тех-нички, зборуваме за микро или РЕСТ-услуги, докерски контејнери и алатки за оркестрација, како Кубернетис. Во комбинација со континуирана интеграција и континуирана испорака, како и нашите агилни развојни процеси, ние можеме да одговориме многу ефикасно на барањата на пазарот – вели Макс.

> Augmented Logistics на повеќе од 127.000 корисници на TIMOCOM им ветува дополнителна флексибилност и ефикасност во поддршката на нивните логистички процеси

За TIMOCOM, Smart Logistics System е следниот логичен чекор во овозможувањето на своите клиенти да имаат корист од интелигентна услуга.

### Augmented Logistics на иднината

Веќе повеќе години, TIMOCOM е познат дека спојува „утовари и утоварен простор“. Клиентите и понатаму ќе имаат корист од додадената вредност и од придобивките од најголемата европска транспортна берза. Augmented Logistics на повеќе од 127.000 корисници им ветува дополнителна флексибилност и ефикасност во поддршката на нивните логистички процеси. Портпаролот на компанијата, Гунар Гбурек, го објаснува избраниот термин од ТИМОКОМ за стратешка преориентација: – Ние постојано се концентрираме на автоматизација на логистичките процеси и едноставно поврзување на нашите клиенти со нашиот систем. Augmented значи „продолжен“, „подобрен“, „зголемен“. Секој понатамошен дигитален развој на нашиот систем ги прави процесите на нашите клиенти попаметни и на тој начин тие дополнително можат да ја прошират својата конкурентска предност. За TIMOCOM, ова значи во иднина да се фокусираме повеќе на проширување на Smart Logistics Systems и вмрежување со потрошувачите – истакнува Гбурек.

### Флексибилно лого и нов маркетиншки настап

Пелаги Мепин, директор за маркетинг го објаснува новиот иновативен заштитен знак:

– Нашето ново лого е израз на нашата лична слика како водечка и пред сè, ИТ-компанија ориентирана кон иднината во логистиката. Притоа, ние намерно се одлучивме за модерен, флексибилен дизајн. Со тоа сакаме да ја прикажеме флексибилноста и динамичноста на TIMOCOM, логистичката индустрија и особено нашите преку 40.000 клиенти – потенцира Мепин.

Флексибилното лого овозможува TIMOCOM да имплементира уште понасочена и специфична комуникација со клиентите. Официјално, новиот маркетиншки настап на TIMOCOM беше прикажан за првпат на IAA корисни возила 2018, во хала 13, штанд C29. Овде, посетителите на водечкиот саем во Германија, можеа да ги најдат сите детали за новата стратешка насока на TIMOCOM и да дознаат повеќе за многуте опции понудени од Smart Logistics System.

„Башким Турс“ од Тетово




# ПОЛНОЛЕТСТВО ИСПОЛНЕТО СО ИНТЕНЗИВЕН И ИМПРЕСИВЕН РАЗВОЈ

**Основана во не толку далечната 2000 година, „Башким Турс“ од Тетово денес е млада, едвај полнолетна, но веќе реномирана, респектабилна и добро етаблирана автобуска компанија**

Кога една личност ќе стане полнолетна, а притоа ќе постигне завиден успех, образовен, културен, спортски или на кое било друго општествено поле, велиме дека заслужува длабока почит зашто за мал период направила многу во животот. Така некако ги вреднуваме и фирмите, односно компаниите, а особено оние во транспортната дејност, која е исклучително динамична, напорна и во многу сегменти на работењето несигурна, ризична, па дури и опасна.

Токму таква фирма, сега компанија, е „Башким Турс“ од Тетово, Друштвото за меѓународен транспорт на патници, за градски и приградски патнички копнен транспорт, трговија и туристички услуги. Оваа фирма, автобуски превозник, е основана во 2000 година од страна на Башким Рамадани, кој претходно работел во Германија, главно како возач на автобус, а потоа и како раководител на возен парк во „Кнаус Реисен“ во Штутгард. Уште таму, во Германија, ги стекнува основните темелни вредности, постулати и развојни концепти за своето успешно деловно работење, од кое како резултат, денес има млада, едвај полнолетна, но веќе реномирана, респектабилна и добро етаблирана автобуска компанија, позната и признаена и на домашниот и на странските транспортни пазари.



– Патувајќи често за родниот крај како и сите иселеници, Рамадани ја увидел потребата од создавање фирма за меѓународен превоз на патници која би придонела за поквалитетен автобуски превоз во земјава, а секако и на меѓународниот транспортен пазар – вели во својот вовед при претставувањето на „Башким Турс“, нејзиниот управител Арсим Синани.

– Вообичаено, почетокот е со многу маки и тешкотии зашто се создава

нешто ново, но сето тоа се заборава кога ќе се направи една „сума сумарум“ на она што денес го претставува компанијата. Во моментов располагаме со 50 транспортни единици, од кои 40 се автобуси и 10 минибуси, а од нив 20 се со „еуро 2“, осум со „еуро 3“, 13 со „еуро 4“, седум со „еуро 5“ и две возила се со „еуро 6“ стандард. Што се однесува на видовите, односно типовите на автобуси и минибуси имаме: „Сетра“, „Мерцедес“, МАН, „Неоплан“, „Бова“, „Темса“, „Сканија“... односно, различни типови и модели, за подобро и посоодветно да ги искористиме за различен вид превоз – посочува Синани и додава дека покрај ваквиот завиден возен парк, тетовски „Башким Турс“, кој има 60 вработени, поседува и: сопствена гаража, сервисна станица, мијална за автобуси и, се разбира, канцеларии.

Како што нè информира нашиот соговорник, „Башким Турс“ е фирма која врши јавен патнички копнен превоз во внатрешниот и во меѓународниот патен сообраќај, има редовни линии за Германија, а исто така, често има и вонреден превоз во различни земји, додека во внатрешниот сообраќај (на домашниот пазар) има редовни линии во општинскиот превоз и врши и слободен, и посебен линиски превоз. Запрашан дали соработуваат со странски партнери, на каква основа е таквата соработка и што очекуваат во иднина од неа, Синани вели:

– Според постојните закони, за да се добие дозвола за меѓународен линиски превоз потребно е да се има партнер во странска држава. За нас е привилегија што имаме странски партнери, како што е Deutsche Touring GmbH, со коишто имаме извонредна соработка на повеќе основи. Очекуваме во иднина заеднички да пристапиме кон освојувањето на нови пазари, со што би се продлабочила нашата заемна соработка – нагласува Синани, кој вели




дека вообичаено, како и во секоја друга дејност, и во транспортот, односно поконкретно во превозот на патници, има многу проблеми, при што како круцијални издвојува неколку:

–Пред сè еден од поголемите проблеми е доцнењето на исплати во внатрешниот превоз од страна на државните органи, потоа субвенционирањето на сите видови превоз освен осигурување, пренатрупаноста со бирократија... Затоа, за подобрување на условите за работење на транспортните фирми, очекуваме власта сериозно да пристапи кон решавањето на сите проблеми со кои што се соочуваат превозниците, а кое нешто е остварливо со посериозен пристап на изготвувањето на законски и подзаконски акти што подобро ќе ја регулираат материјата за превоз во копнениот сообраќај или поконкретно, во автобускиот превоз – дециден е Синани.

**Тетовскиот автобуски превозник поседува завиден возен парк и со успех работи, односно превезува патници и на домашниот, но и на странските транспортни пазари**

на копнениот, односно автобускиот, па постоењето нелојална конкуренција или како што ги нарекуваме „диви превозници“. Исто така, проблем се и: лошата сообраќајна инфраструктура, сообраќајната некултура, нееднаквоста на субјектите на пазарот, Законот за




И покрај сите овие проблеми, кои знаат повремено да бидат сериозна пречка во работењето на еден транспортер, тој сепак, со оптимизам гледа на иднината на оваа превозна фирма.

– Во нашето работење, повеќе од неспорно е дека од година во година се обидуваме и успеваме да го зголемиме, пред сè, квалитетот на превозот. Тоа е доказ за нашиот успех и за нашата клиентела и тоа не само во Македонија туку и надвор од нашите граници. Тесно поврзано со ова, ги градиме и нашите идни планови за работењето во наредниот период, во годините што се пред нас, при што мора да потенцираме дека постојано инвестираме во компанијата и тоа во секоја сфера од нејзиното дејствување зашто токму тоа е најголемиот услов и за нејзиното успешно работење и секако, за задоволството на нашите клиенти – истакнува Арсим Синани, управителот на тетовскиот автобуски превозник „Башким Турс“.

Ј.Б.

Работни средби на делегации на ЕУ и на Царинска управа на Р. Македонија



# ЗАЕДНИЧКИ ПОСЕТИ НА ГП ТАБАНОВЦЕ АВТОПАТ, ДЕВЕ БАИР, ЌАФАСАН...

Посетите се во рамките на повеќегодишната соработка и постојаната поддршка на царинското работење во Република Македонија, од страна на ЕУ и нејзината Делегација во Скопје

Делегацијата на Царинска управа на Република Македонија, предводена од директорот Ѓоко Танасоски и Делегацијата на ЕУ во Скопје, на чело со шефот за операции Никола Бертолини, на 9 и на 15 август реализираа посети на граничните премини Табановце Автопат, Деве Баир, Ќафасан, како и на постојната инфраструктура на областа Маркова нога. Посетите се во рамките на повеќегодишната соработка и постојаната поддршка на царинското работење во Република Македонија, од страна на ЕУ и нејзината Делегација во Скопје, а за негово приближување кон стандардите на Унијата.

При посетата на ГП Табановце Автопат е извршен увид во користењето и функционалностите што се овозможени преку реализираниот инфраструктурен проект за надградба на објектите на овој граничен премин, каде што на 30 мај годинава во употреба беше пуштен новиот царински терминал, како и двете коловозни ленти на излезот од преминот, финансиран од ЕУ. Притоа, оценето е дека придобивките од проектот и покрај краткиот период од неговото завршување, веќе ги даваат првите резултати во олеснување на прекуграничната трговија долж Коридорот 10 и во спроведувањето на царинските постапки во модерни капацитети и услови.

На граничниот премин Ќафасан, делегациите беа запознаени со напредокот во реализацијата на проектот за надградба на тамошните објекти за царинење и инспекција, а во рамките на Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија (ИПА), со средства алоцирани за Програмата 2013. Заклучено е и дека напредокот на проектот е задоволителен и дека се очекува да биде реализиран до крајот на годинава, а со градбата на: нов царински терминал за товарен сообраќај од 9,5 илјади м2, нова зграда за царински постапки, објекти за преглед на товарни возила и магацин, зграда со пропратни содржини, ќе се создадат поповолни инфраструктурни услови на овој најфреквентен граничен премин кон Република Албанија. Со тоа се овозможува дополнително забрзување на царинските и прекуграничните формалности на сè поголемиот интензитет на размена на стока и патници преку него.

При посетата на Охридско-преспанскиот регион беше посетена областа Маркова нога, за запознавање со локалната инфраструктура.

**Најавено од македонскиот премиер Зоран Заев и српскиот претседател Александар Вучиќ**

## Проект за заедничко гранично управување помеѓу Македонија и Србија

Преку заедничката гранична контрола на ГП Табановце – Прешево, Коридорот 10 ќе биде поатрактивен и поефикасен за извоз, увоз и транзит на стоки

Македонскиот премиер Зоран Заев и српскиот претседател Александар Вучиќ на 2 септември на граничниот премин Табановце – Прешево го најавија почетокот на имплементацијата на Проектот за заедничко гранично управување „One Stop Shop" помеѓу Република Македонија и Република Србија.

„One stop shop" е најголемата потврда за посветената работа на овој проект, што Царинска управа на Република Македонија го имаше таргетирано како една од поважните стратешки цели, при што во текот на минатата година, Управата, со финансиска помош на Европската Унија и на Владата на Република Македонија изврши реконструкција и модер-низација на инфраструктурата на граничниот премин на Табановце, со што се остварени сите предуслови за започнување на заедничките контроли. Со воспоставувањето на новиот начин на работа преку заедничката гранична контрола, Коридорот 10 ќе биде поатрактивен и поефикасен за извоз, увоз и транзит на стоки.

Концептот на воведувањето на заеднички контроли претставува една од целите на Повеќегодишниот акциски план, за созда-вање на Регионална економска област на Западен Балкан, усвоен на Самитот во Трст од јули 2017 година, кој меѓу другото предвидува и заедничко управување со ризик и заеднички гранични контроли со едно застанување (One-stop shop), каде што е тоа применливо. Договорот за олеснување на трговијата на СТО и Берлинскиот процес за Западен Балкан, препорачуваат земјите од регионот да воспостават заеднички гранични контроли, со цел да го олеснат и забрзаат извозот, увозот и транзитот на стоките. Република Македонија заедно со Република Србија ќе бидат првите земји од Западен Балкан што ќе воспостават заедничка гранична контрола, со што ќе се обезбеди заедничко извршување на граничните и царинските формалности при движењето на стоките и патниците.



Царинска управа на Република Македонија домаќин на значен меѓународен настан



# ОДРЖАН Е СОСТАНОК ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ЦАРИНЕЊЕТО МЕЃУ КИНА, УНГАРИЈА, СРБИЈА И МАКЕДОНИЈА

На состанокот во Скопје се дискутираше за соработката меѓу царинските управи на овие земји, а со посебен осврт на соработката со Царината на Србија, на полето на заедничките гранични контроли, како и Пилот-проектот за ОЕО во рамките на ЦЕФТА

Царинска управа на Република Македонија беше домаќин на 4. Состанок на Работната група за имплементација на Рамковната спогодба за соработка во олеснување на царинењето меѓу царинските управи на: Кина, Унгарија, Србија и Македонија, кој се одржа на 5 и 6 септември во Скопје. Спогодбата е склучена во Белград на 17 декември 2014 година, во рамките на 3. Самит на лидерите на Кина и земјите на Централна и Источна Европа, се појде од фактот дека договорните страни се значајни трговски партнери и дека за раст на трговската размена на билатерално ниво на трговијата е потребно да се обезеди зајакнување на соработката помеѓу царинските органи. Главна цел на оваа спогодба е обезбедување на поблиска соработка во олеснувањето на царинските процедури, поголемо олеснување на трговијата, како и подобрување на трговските односи и пораст на трговската размена помеѓу договорните страни, преку примена на меѓународните стандарди и најдобри практики, особено во поглед на царинската контрола, заемната административна помош, размената на информации и примената на информатичките технологии.

Состаноците на Работната група се одржуваат на годишно ниво, а на нив генерално се дискутира за напредокот во постигнувањето на целите од Рамковната спогодба. Досега се одржани три состаноци: првиот во Шангај, Кина, во март 2015, вториот во Будимпешта, Унгарија, во јуни 2016 и последниот во Белград, Србија, на 15 септември 2017 година. На овој состанок, на кој беа присутни делегации на сите царински служби – договорни страни: Кина, Унгарија, Србија и Македонија, се дискутираше за досегашната соработка и постигнатите резултати, со Предлог-план за соработка за периодот 2018/2019 година, со посебен осврт на соработката со Царина на Србија, на полето на заедничките гранични контроли, како и Пилот-проектот за Овластен економски оператор во рамките на ЦЕФТА.

Покрај тоа, делегациите дискутираа и за иницијативата за формирање на координативен механизам за царинење „Кина – државите од Иницијативата 16+1“ (Кина, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешка, Естонија, Унгарија, Латвија, Литванија, Македонија, Црна Гора, Полска, Романија, Србија, Словачка и Словенија), како и за можностите за зајакнување на соработката помеѓу деловната заедница и Царината.

Царинската управа пред деловната заедница во Струмица

# ПРОМОВИРАН Е КОНЦЕПТОТ ЗА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР (ОЕО)

Во организација на Царинска управа на Република Македонија, на 17 септември, во Струмица, се одржа работилница со цел промовирање на концептот за Овластен економски оператор (ОЕО) и неговото значење за економските оператори. Настанот, реализиран во соработка со Проектот за УСАИД за регионален економски раст (USAID Regional Economic Growth Project – REG), е втора работилница на оваа тема и дел од активностите што Управата ги спроведува во насока на градење на партнерски односи помеѓу носителите на политиките: Владата, Министерството за финансии, Царинската управа и претставниците на приватниот сектор што учествуваат во царинското работење и во логистичкиот бизнис.

Економските оператори, кои во голем број присуствуваа на работилницата во Струмица, имаа можност подетално да се запознаат со предностите од добивање на статусот на ОЕО што всушност, претставува меѓународно признаена марка за квалитет. Стекнувањето на статусот ОЕО, практично е сертифицирање на трговското друштво како сигурен и безбеден партнер на Царинската управа и сигурен и безбеден партнер во меѓународниот и во регионалниот синџир на снабдување. Притоа, економските оператори со статус на ОЕО во меѓународната заедница се препознатливи како кредибилен бизнис-партнер.

За време на работилницата, пред присутните се обрати и директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски, кој посочи дека ОЕО е клучна активност предвидена во Повеќегодишниот акциски план за регионална економска интеграција на земјите од Западен Балкан, усвоен на Самитот во Трст. Истовремено, тој ја искористи можноста да ги охрабри македонските компании да се здобијат со статус на Овластен економски оператор, со цел да ги искористат придобивките и поволностите што тој ги нуди. Со цел промовирање и користење на статусот на ОЕО во регионални и глобални рамки, Царинската управа, со поддршка на Проектот на УСАИД за регионален економски раст, и во следниот период ќе организира вакви настани насочени кон запознавање на деловната заедница со концептот на ОЕО.

Царинска управа на Република Македонија домаќин на значен меѓународен настан

# ЦАРИНСКАТА УПРАВА СО ИНФОРМАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА „ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ И ИЗВОЗ ВО Е-ТРГОВИЈАТА“

„A man's station is only limited by his imagination“ беше слоганот на Конференцијата во организација на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, што се одржа на 13 септември во Скопје, на која учествуваше Царинска управа на Република Македонија со информативна работилница за „Царински постапки и извоз во е-трговијата“.

Слоганот во целост ја отсликуваше енергијата и иновативноста на една нова, млада генерација која има желба, но и знаење да внесе свежина и квалитет во економската и бизнис-сфера во нашето општество. Директорот на Царинска управа, Ѓоко Танасоски, во своето обраќање на работилницата, им честиташе на организаторите за успешниот настан и уште еднаш ја потврди својата лична заложба, како и заложбата на Управата за максимална поддршка во подобрувањето на условите за прекугранична е-трговија.

Учеството на Царинска управа на Република Македонија на оваа работилница е резултат на неодамна потпишаниот Меморандум за соработка со Асоцијацијата за електронска трговија. Воедно, тоа е и потврда на заложбите на Царинската управа за разбирање на партнерите, почитување и исполнување на заедничките принципи на постапување и дејствување, земајќи ги предвид предностите и современите текови на електронската трговија што ги вклучува сите трансакции реализирани од далечина, со користење на електронски или дигитални платформи.

Во таа смисла, Царинска управа на Република Македонија ќе го поддржува растот на е-трговијата придонесувајќи за економскиот развој и иновациите, преку обезбедување на поедноставено царинско опкружување што треба да придонесе за успех и одржливост на е-трговијата. Ова ќе се постигне преку хармонизација со европските процеси за царинење на пратки со мала вредност.

Интензивирана изградбата на двата автопати што се реализираат со кинескиот кредит



# ФИНАЛЕ НА МИЛАДИНОВЦИ – ШТИП, А НОВИ АНЕКСИ ЗА КИЧЕВО – ОХРИД

Од ноември ќе се вози по автопатот Миладиновци – Штип, а со два нови анекси и допрецизирање за дополнителните зафати, се интезивира изградбата и на автопатот Кичево – Охрид

Автопатот Миладиновци – Штип влезе во завршната фаза на реализација и треба да биде готов до средината на октомври, а од ноември да се пушти во сообраќај. На автопатот Кичево – Охрид се интензивира изградбата и тој треба да биде готов до средината на 2021 година. Ова е финалниот рапорт пред крајот на оваа градежна сезона на двата автопати, кои се резлизираат во земјава со кинески пари, односно со кредити во висина од околу 580 милиони евра од кинеската државна „Ексим банка", а чиј главен изведувач е исто така кинеската компанија „Синохидро".

– Сите работи што се појавија како проблеми во минатиот период беа коригирани и беа санирани, така што во последните делови треба да се постави асфалт, (станува збор за неколку километри), а делови од автопатот може да бидат ставени и во функција бидејќи и обележувањата и осветлувањата се направени. Крајниот рок беше 30 септември, но поради неповолните временски услови, (појавата на две свлечишта) и остранувањето на далноводи ќе има минимално пролонгирање. Очекуваме, во наредниот месец, градежните активности овде да бидат комплетно завршени – истакнаа министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов, при неодамнешната обиколка на автопатската делница Миладиновци – Штип.

Се деблокираат и се интензивираат изведбените активности и на втората автопатска делница Кичево – Охрид, за која Владата усвои Предлог-закон за нов Анекс на Договорот за изградба со кинески „Синохидро", а со што се овозможува ослободување на 205 милиони евра од претходно обезбедените финансии за проектот. Со нив, покрај поголемата градежна динамика на терен, ќе се овозможи и исплата на домашните компании ангажирани како подизведувачи. Со предлогот е предвидено со нов, трет анекс што би се склучил околу 10-ти следниот месец, да се утврдат цените за дополнителните градежни работи на проектот што беше во застој поради проблеми со проектната документација, несоодветни геомеханички испитувања и нерешена експропријација на земјиштето. Како што појасниja, вицепремиерот за економски прашања, Кочо Анѓушев и министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, Владата



одлучила да го продолжи проектот затоа што согласно со договорот што го склучила претходната власт со „Синохидро", реалната состојба на терен и обврските што не ги исполнила македонската страна, изведувачот најавил низа жалби, со кои ќе се плателе големи отштетни побарувања и можело да дојде до ситуација и воопшто да не се изгради патот. Тоа ќе нанело огромни штети за ангажираните домашни компании и ќе се предизвикал домино-ефект врз целата економија. Со помош на домашни и странски експерти и консултанти, успеале да договорат „Синохидро" да се откаже од жалбите, а услов за македонската страна со преговарите кои се во завршна фаза е значително намалување на разликите во цените со подизведувачите (од 56 на 46 проценти) согласно со ФИДИК-правилата. Овие разлики се предизвикани од деветте дополнителни клучки, усеци и регионални патишта, со оглед на тоа дека со постојниот проект не било предвидено поврзување на околните населени места со автопатската делница, како и со примената на нова технологија за изградба на тунелот кај Врбјани, во должина од четири километри, кој со првиот проект бил предвиден за градба на земјиште од прва категорија, наместо од шеста, односно на меко земјиште, а не на карпест дел како што се препорачува од експертите. Со тоа, се очекува во октомври, а доколку дозволат временските услови и во текот на зимата, интензивно да се работи и да има сериозна градежна офанзива на оваа делница.

Инаку, автопатот Штип – Миладиновци, кој е со должина од 47 километри, а со вкупна вредност за изградба од 226 милиони евра, почна да се гради пред четири години и требаше да биде готов во 2017 година. Изградбата на автопатот Кичево – Охрид, чија должина е 57 километри и првично беше проценет на околу 400 милиони евра, започна во февруари 2014 година и тој требаше да биде готов до јануари 2019 година, но со продолжувањето на рокот за изградба тој треба да биде готов до средината на 2021 година.

Ј.Б.

Според најодговорните за изградба на патната мрежа во земјава



# СЕ РАБОТИ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ВРЕДНИ 800 МИЛИОНИ ЕВРА

Годинава се очекува овие инвестиции во патиштата и во работата на терен, значително да ја подобрат патната инфраструктура во Македонија

Владата, Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта на повеќе локации во државава реализираат проекти во висина од 800 милиони евра во изградба и реконструкција на патната мрежа. Тоа, како што истакна неодамна министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, претставува историски најсилен инвестициски циклус во Македонија што треба значително да го подобри квалитетот на патиштата, а со тоа и животот на луѓето во населените места, каде што се градат новите патни делници или се реконструираат постојните. – Интензивно се работи на двата автопати: Миладиновци – Штип, кој е во завршна фаза и нашите очекувања се градежните активности да бидат завршени до крајот на октомври, и Кичево – Охрид, за кој автопат, по анексот за ослободување на 205 милиони евра, очекуваме интензивирање на активностите. Паралелно се работи на четири експресни патишта и на бројни реконструкции на регионални патишта. Доколку временските услови дозволат, очекуваме до крајот на градежната сезона да биде исполнет целиот план што го имавме – вели Сугарески, дополнувајќи дека согласно со ветувањата од мај годинава за инвестиции во патиштата и во работата на терен, очекува значително да се подобри патната инфраструктура во Македонија.

Според директорот на ЈПДП, Зоран Китанов, сите проекти на кои се работи сега се реализираат во предвидените рокови.

– Сакам да информирам дека се завршени и тендерите за реконструкција на 31 регионален пат. Од нив, 12 патишта се реализираат со заем од Светска банка, седум преку ЕБОР, а останатите се со средства од буџетот на ЈПДП или со вкупна должина од преку 360 километри. Очекувам во оваа градежна сезона да започнеме со работа на терен – изјави Китанов, кој заедно со министерот Сугарески, како и со други претставници на Владата и на општините, летово посетија повеќе градилишта на нови и повеќе санации на постојни патни правци.

J.Б.

## Автопатот Скопје – Блаце ќе почне да се гради догодина

Изградбата на автопатот Скопје – Блаце ќе започне следната година напролет и ќе се одвива во две фази, информираше неодамна министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески.

– Во првата фаза ќе се градат 1,6 километри, а потоа ќе се допроектира останатиот дел, по што ќе се работи паралелно – рече Сугарески, кој не сакаше да шпекулира колку пари ќе чини овој проект.

Пред извесно време, вицепремиерот за евроинтеграции, Бујар Османи, изјави дека автопатот Скопје – Блаце, кој е постојано барање на бизнис-заедницата, а веќе е преточен во одлука на Економскиот совет на Владата како приоритетен проект, ќе чини околу 100 милиони евра, од кои едниот дел ќе се обезбеди од Европска банка за обнова и развој, а другиот дел од државната каса.




– Согласно со основниот проект кој го подготвуваме со средства од Европскиот фонд за Западен Балкан што ги обезбеди Секретаријатот за европски прашања, предвидени се четири тунели и девет мостови на оваа траса од 12,4 километри – изјави Османи.

## Со 70 милиони евра ќе се подобрува состојбата на локалните патишта

Владата на Република Македонија, преку Министерството за транспорт и врски ќе инвестира 70 милиони евра за подобрување на локалната патна мрежа во општините во земјава кои за тоа немаат финансии. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат преку заем од меѓународни финансиски институции.



– Согласно со утврдената методологија, секоја општина ќе има на располагање одредена сума средства што ќе може да ги користи исклучиво за реконструкција и обнова на локалната патна мрежа, откако до Министерството за транспорт и врски ќе достави изработени и ревидирани проекти – изјави неодамна министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески.



Преку својата Комисија за социјални работи




# ИРУ ПРЕЗЕМА АКЦИЈА ПРОТИВ ГЛОБАЛНИОТ НЕДОСТИГ НА ВОЗАЧИ

ИРУ создаде работна група за да го реши овој сè повеќе предизвикувачки проблем за индустријата и за општеството

Комисијата за социјални работи на Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ на состаноците во Брисел, во средината на септември, презеде големи чекори во справувањето со недостигот на возачи. Посебна работилница е фокусирана на тоа како да се привлечат возачи за професијата и потребата за подобри работни услови. Одговарајќи на значителниот недостиг на возачи во секторот за патен транспорт, ИРУ создаде работна група за да го реши овој сè повеќе предизвикувачки проблем за индустријата и за општеството. Групата препорачува подобро регрутирање и задржување на талентираните возачи, на краток, среден и долг рок. Овие препораки ќе бидат доставени до членовите на ИРУ за одобрување во наредните недели. Комисијата за социјални работи на ИРУ, ќе продолжи да работи во решавањето на работните и социјалните услови во индустријата за патен транспорт. CAS ќе ги фокусира своите заложби за застапување на предлозите за социјално законодавство, вклучени во трите пакети за мобилност, кои беа поднесени од страна на Европската комисија. Исто така, висок приоритет во работниот план на CAS е зајакнувањето на соработката со органите за спроведување на законот, за да се постигне усогласена примена на правилата и да се подобри третманот на возачите за време на проверките на патиштата. Покажувајќи ја својата посветеност во градењето и надградбата на доволно сигурни и безбедни паркинзи за камиони (SSTPA), ИРУ активно учествуваше во студијата на ЕУ за SSTPA, чии резултати ќе бидат објавени оваа година. Бидејќи недостигот на возачи во индустријата е светски проблем, се водеа дискусии за тоа како ефикасно да се справат со овој предизвик ќе продолжат на Светскиот конгрес на ИРУ во Оман, од 6 до 8 ноември годинава.

Ј.Б.

**Септемвриски регионален трговски и транспортен семинар во Баку, Азербејџан**

# Дигиталниот транспорт се префрла на клучните трговски коридори

Стратешката локација на Баку обезбедува идеална платформа за проширување на дигиталниот ТИР од Иран до Турција, како и помеѓу Азербејџан, Грузија и Казахстан

Регионалниот трговски и транспортен семинар, што се одржа во почетокот на септември во Баку, Азербејџан, го забрзува создавањето на целосно дигитални ТИР-коридори низ Евроазија, со резултати од неодамнешните пилот-операции и интермодалниот капацитет на ТИР во центарот на вниманието. Како што се гради дигиталниот импулс, стратешката локација на Баку на пресекот на транспортните коридори исток-запад и север-југ, обезбедува идеална платформа за проширување на дигиталниот ТИР од Иран до Турција, како и помеѓу Азербејџан, Грузија и Казахстан. По тој повод, во Баку, генералниот секретар на ИРУ Умберто де Прето, рече: – Овој регион напредува во дигиталната трансформација на транспортот. Влогот е голем бидејќи новите и потенцијални ТИР-земји, вклучувајќи ги и Кина, Индија и Пакистан, бараат да ги користат дигиталните алатки, активирајќи го ТИР-системот во нивните земји. Учесниците на семинарот, вклучително и високите царински службеници и здруженија на ТИР, ги анализираа резултатите и проширувањето на пилот-проектите помеѓу Турција и Иран, Грузија и Турција,Турција и Украина и по коридорот Батуми (поврзување на Украина, Грузија, Азербејџан и Казахстан). Направен е чекор понатаму, се работеше и на подготовката на договорот за регионална соработка за дигитализација на ТИР. Пред семинарот, Комисијата за царински прашања на ИРУ се состана во Баку за да ја постави својата агенда 2019 за промовирање на дигитализацијата на ТИР и географската експанзија. Комисијата, одговорна за развојот на ТИР, исто така, ги разгледа и активностите за промовирање на употребата на ТИР пошироко во интермодалниот транспорт и да се прошири дигитализацијата на ТИР користејќи пристап заснован на коридор, поврзувајќи ги пазарите и економиите на постојните ТИР-земји со неодамна опфатените земји. Во организација на Државниот царински комитет на Азербејџан, семинарот за дигитализација беше коорганизиран од ИРУ, од Сојузот на здруженија за патен транспорт во Регионот за економска соработка на Црното Море и од Економската комисија на Обединетите нации за Европа.

Со експанзијата на коридорите и на разните глобални економски иницијативи




# ИДНИНАТА НА ТРГОВИЈАТА, НО И НА ТРАНСПОРТОТ Е СВЕТЛА

Старите трговски коридори повторно се развиваат и се појавуваат нови, а во ИРУ се многу охрабрени од бројот на нови земји кои се приклучуваат на меѓународните конвенции за транспорт и транзит, особено за ТИР-системот

Добрата вест за трговијата е дека не е сè толку лошо. Кристијан Лебро, претседателот на Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ направи осврт на неодамнешните трговски случувања и на тоа како ИРУ работи со своите партнери ширум светот за активирање на нови насоки на управување со транспортниот потенцијал.

Од Азија до Африка и Европа, старите трговски коридори повторно се развиваат и се појавуваат нови. Особено, двете најголеми глобални сили, Индија и Кина, се економските центри за инвестирање во развојот на транспортната инфраструктура и новите трговски коридори. Можеби иницијативата „Еден појас еден пат“ е препознатлива за многумина, но акронимите како што се CPEC, INTSC и ITI, се помалку препознатливи, а тоа се многу значајни и динамични трговски коридори кои драматично го прошируваат глобалниот трговски потенцијал. Глобалната и регионалната економска интеграција се неопходни за развој и зголемен просперитет, при што трговијата е во центарот на овие напори за постигнување на економски раст. Земјите од Голфскиот залив се залагаат за зајакнување на економската интеграција, со фокус на трговскиот потенцијал. Од друга страна, африканските земји, го гледаат распоредувањето на коридорите како клучно за зајакнување на регионалната трговија, која моментално изнесува само 12 проценти од вкупната трговија во Африка. Исто така, постои можност и за реализација на придобивките од транспортните услуги. Приказните што доаѓаат од кампањата од 70-годишнината на ИРУ # WeLovetheRoad, покажуваат како транспортот влијае врз економијата и заедницата. Возачот Ли Ли, во Кина, на пример, ја смета иницијативата „Еден појас еден пат“ како можност за надминување на кинеските граници, за откривање на нови светови, нови нации и нови богатства.

– Во ИРУ ја следиме оваа широка експанзија на трговските коридори, преку застапување, обука и советодавна работа. Промовирањето на поврзаност, професионалност и хармонизација е во фокусот на ИРУ заедно со нашите партнери од целиот свет. Ние сме многу охрабрени од бројот на нови земји кои се приклучуваат на меѓународните конвенции за транспорт и транзит, а особено за ТИР-системот. Кина и Индија го усвоија ТИР-системот, а исто така имаат влијание врз соседните земји кои преземаат чекори за приклучување кон Конвенцијата за ТИР и за операционализација на системот – истакнува Лебро. На дискусиите и дебатите за време на претстојниот Светски конгрес на ИРУ во Оман, од 6 до 8 ноември годинава ќе се разгледува како понатаму да се развива ширењето на коридорите во склоп на политичките ветерници, кои би можеле да се обидат да го ограничат. Со серија на состаноци, министрите ќе се осврнат на економските и деловните последици од политиката на трговските и транспортните коридори. Ќе се разменат најдобрите практики за имплементација и управување со алатките за олеснување на трговијата (вклучувајќи го и ТИР) како и интермодалните трговски и транзитни коридори низ светот. Министрите, кои веќе се регистрираа да учествуваат, доаѓаат од Азија, Блискиот Исток и Европа. Старата поговорка: „Држи ја наградата на око“, добро се вклопува во овој контекст. Секој во транспортната индустрија, во јавниот и во приватниот сектор, треба да остане фокусиран на целта за зголемена економска интеграција и проширување на трговскиот коридор, како еден од најдобрите начини за постигнување на развојните цели и за глобален просперитет.

С.П.Т.



Патниот транспорт низ очите на еден скејтбордер



# КУЛИАУ ВОЗЕШЕ НИЗ КИНА, МОНГОЛИЈА И ИНДИЈА

Кина, Монголија и Индија се големите азиски држави што во септември ги мина Дејвид Кулиау, филмскиот продуцент, скејтбордер и раскажувач, кој на 27 март тргна од Женева на патување низ 18 земји на Европа и Азија, во рамките на кампањата „Ние го сакаме патот“, а со која ИРУ ја одбележува 70-годишнината од своето постоење. Од Кина тој ја нотира средбата со возачот Хи, кој му зборува за силниот раст на патната индустрија во Кина, за што Умберто де Прето, генералниот секретар на ИРУ, вели: – ТИР треба да ги трансформира врските на Кина со соседите, носејќи придобивки во регионот и да ги олесни целите на иницијативата „Еден појас, еден пат“. Почетокот на операциите на ТИР, во минатиот мај, упатија силен сигнал до светот дека Кина ги отвора своите пазари и се поврзува поефикасно преку своите граници – наведува де Прето. Покрај бескрајните степи и извонредно прекрасните пејзажи во Монголија, на Кулиау впечаток му оставија и нејзините хаотични патишта и средбата со Тугсбадрак, кој работи за North Trans LLC, првата меѓународна монголска транспортна компанија.

Батку Гава, претседателот на Националната асоцијација за патен транспорт на Монголија вели: – Со цел да се активира азиската автопатска мрежа, поврзувајќи ги Кина и Русија преку клучните транспортни коридори во Монголија, употребата на усвоениот, меѓународно признаен ТИР-систем е најефикасното средство и најдобриот начин за напредок – истакнува Гава. Според Кулиау, доволни се само неколку минути на улиците на Мумбаи, за да се разбере зошто транспортната индустрија на Индија расте со немилосрдна стапка, а потенцијалот за раст е огромен на оваа голема држава, која сака да се отвори кон целиот свет. На тоа, Казем Асаеш, виш советник за ТИР и олеснување на трговијата во ИРУ додава: – Имплементацијата на ТИР-системот во Индија и нејзините соседни земји ќе ја промовира стандардизацијата на документите и процедурите низ целиот регион, олеснувајќи ги транспортот, транзитот и трговијата. Ова веднаш ќе ги деблокира клучните бариери за раст и ќе доведе до регионална интеграција – потенцира Асаеш.

Финалето на овој патувачки потфат, Кулиау ќе го има на 6 ноември во Мускат, Оман, каде што ќе се одржи Светскиот конгрес на ИРУ, на тема „Иновации во движење“.

Скопје ја одбележа Европската недела на мобилност 2018




# ВЕЛО-ПИКНИК НА ВОДНО, Е-КОНВОЈ И Е-ПОЛИГОН, ТРИБИНИ, ПРЕЗЕНТАЦИИ, ЕДУКАЦИЈА, ЗАБАВА...

На различни локации во градот се одржаа голем број настани, чија цел беше да се испрати силна порака за користење на алтернативните видови транспорт и за комбинирање на одржливите начини на превоз до саканата дестинација

Главниот град Скопје и годинава, традиционално по десетти пат, ја одбележа Европската недела на мобилност што на тема „Комбинирај и движи се“ се одржа од 16 до 22 септември, со цел да се испрати силна порака за користење на алтернативните видови транспорт и комбинирање на одржливите начини на превоз до саканата дестинација. Одбележувањето на оваа манифестација што се реализира во уште 12 градови во државава, започна со вело-пикник и вело-експо, што се одржаа на Средно Водно, со промоција на велосипедски продавници, сервиси и најразлични велосипеди. Притоа, градоначалникот Шилегов ги покани граѓаните да земат учество во големиот број настани во рамките на оваа манифестација, а кои наредните денови се одвиваа на различни локации во градот. Ги издвојуваме серијата предавања за учениците од СУГС „Боро Петрушевски“ за развојот на велосипедскиот сообраќај во европските земји, посетата на Центарот за управување и контрола на сообраќајот (ЦУКС), јавната дебата на тема „Подобрување на состојбата со одржливиот транспорт“, а веќе петта година, организацијата за електрични возила „Е-мобилност Македонија“, заедно со Град Скопје, го организираа електричниот полигон, годинава збогатен со електричен конвој, каде што сите возила – електромобили, е-скутери и хибридни возила преку ревијално возење се упатија низ градските улици. Наредните денови следуваше презентацијата „Транспортот во градот и животната средина“ за проекти од областа на транспортот и TEDx настанот на тема „Иднината на транспортот“. Веќе традиционално, се одржа и велосипедско дефиле, со кое се одбележа и Денот без автомобили 2018, а на кое се придружија заменик-министерот за животна средина и просторно планирање, Јани Макрадули, и евроамбасадорот Самуел Жбогар, кои ги поздравија 2.500-те велосипедисти. Тие тргнаа од Порта „Македонија“ и возеа до Школка во Градскиот парк, каде што имаше и забавна програма, а повеќе среќни добитници, преку лотарија добија велосипеди, тротинети и велосипедски реквизити, како симбол на користењето на алтернативни превозни средства. На последниот ден, се одржа промоција на комбиниран превоз со железница и велосипед, при што неколкумина велосипедисти со своите велосипеди се качија во воз на железничката станица во Лисиче и се возеа до железничката станица во Ѓорче Петров, за потоа да продолжат да возат на велосипед по градските улици до улицата „Димитрие Чуповски“, каде што се организираше вело-кафе и дружење на улица.

Град Скопје, кој веќе неколкупати се вбројува меѓу првите 10 градови по обемот и квалитетот на ваквите активности, ја реализира Европската недела на мобилност во соработка со невладините организации Македонски зелен центар, Еко свест, „Гоу грин“, „Прв до врв“ и „Смартап“ – лабораторија за социјални иновации. Европската недела на мобилност беше поддржана и од повеќе домашни фирми и организации, како и од Делегацијата на ЕУ во Македонија и ЕУ Инфо-центарот во Скопје. Инаку, во одбележувањето на Европската недела на мобилност 2018 се вклучија повеќе од 2.500 градови во Европа и во светот.

Ј.С.Б.

Интензивни активности за реализација на три мегапроекти во Скопје



# ЌЕ СЕ ГРАДАТ ПОДЗЕМНИ СООБРАЌАЈНИЦИ, НОВИ МОСТОВИ И БУЛЕВАРИ

Се прават завршни подготовки за почетокот на проектите за подземна сообраќајница под Јужен булевар, комплексот од два тунели под Кале, со мост на Вардар кај Владата, како и проектот со уште еден мост и булевар низ населбата Керамидница

Градот Скопје во септември ги интензивираше активностите за изградбата на три сообраќајни мегапроекти, кои не само што ќе го видоизменат ликот на метрополата туку и значително ќе ја подобрат сообраќајната комуникација во неа. Со презентација пред владиниот врв, започна реализацијата на инвестицијата на „Лимак Холдинг“, вредна 250 милиони евра, за изградба на подземна сообраќајница под Јужен булевар и на мултифункционален комплекс „Лимак дајмонд“, зад Рамстор мол и Музејот на Град Скопје. Проектот го претстави потпретседателот на „Лимак Холдингс“, Сердар Баџаксис, а дека тој повеќекратно ќе го подигне стандардот на живеење во Скопје, потенцираа и премиерот Зоран Заев и вицепремиерот Кочо Анѓушев.

Градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, посочи дека проектот беше најавен во 2012 година. Се очекува, новиот подземен булевар во должина од 800 метри, кој е прв од таков вид кај нас и ќе се гради 22 месеци, да го растовари сообраќајот и да овозможи побрзо движење од Ѓорче Петров и Карпош до Центар, и кон Аеродром и Кисела Вода.

Втората подземна сообраќајница е комплекс од два тунела под Калето, мост преку Вардар кај Владата, вијадукт и кружен тек што ќе поминува и над Пластичарската улица, со што ќе треба да го растовари сообраќајниот метеж во метрополата и да овозможи брз влез и излез на возилата од центарот и од северната страна на градот. За овој зафат, Град Скопје веќе бара проектант, а за тоа издвои 30 милиони денари или околу половина милион евра.

– Изградбата на овој проект би требало да чини околу 25 милиони евра и во најлоша варијанта ќе ја финансира Град Скопје – истакна Шилегов на презентацијата на проектот.

Со почеток до ноември е најавен проектот за изградба на мост на Вардар кај хотел „Русија“ и двокилометарски булевар АСНОМ што треба да биде пробиен низ населбата Керамидница, а кои треба да овозможат од Ново Лисиче до Саем или од Автокоманда до ТЦ Бисер, со автомобил да се стигнува за само пет минути. На презентацијата од страна на градоначалникот на Скопје, Петре Шилегов и градоналникот на Гази Баба, Борче Георгиевски, беше речено дека изградбата на овој проект според најновите пресметки ќе чини 15 милиони евра, а треба да се заврши за 24 месеци од почетокот на градежните работи.

**Ј.С.Б.**

JСП со рекордни бројки во првата половина на годинава

## Зголемен е бројот на продадени персонализирани билети

Во првите шест месеци од годинава, ЈСП „Скопје“ превезло 22,6 милиони патници, при што на градските улици секојдневно сообраќале негови 277 возила, а 206 биле на приватните превозници. Споредено со истиот период лани, бројот на возила е зголемен за 0,5 отсто во просек дневно, а истовремено се продадени персонализирани билети за 2,6 % (односно за 20.000) повеќе. Зголемен е и бројот на неперсонализирани билети за 25,9 % или за речиси 825.000, а значителен пораст е забележан при плаќањето на билет со мобилен телефон, и тоа 782.075 плаќања сега наспроти 100.528 плаќања во истиот период лани.

Првото полугодие од годинава се преземени конкретни мерки за долгорочно задолжување на ЈСП кон меѓународната кредитна институција во износ од 10 милиони евра за купување нови еколошки автобуси, со план, напролет, во зависност од понудената цена на понудувачите да се набават 30 – 40 возила на гас. За таа цел, во првата половина од годинава, дел од јавниот сообраќај во Скопје беа три автобуси на гас и еден на струја, што нивните производители/дистрибутери ги отстапија на бесплатно користење. Од ЈСП „Скопје“ информираа и дека во посочениот период со жичницата се превезени 132.035 патници, а кон крајот на мај откако завршил договорот со фирмата - мастер дилер за продажба на нивните услуги, тие целосно под своја надлежност ја презеле дистрибуцијата на картичката „Скопска“ за чија продажба и надополнување се оспособени 32 билетарници на ЈСП, деведесет локации од секундарната продажна мрежа (маркети, трафики), а нивниот број секојдневно расте.




www.amerit.org.mk

За 19 Септември – Европскиот ден без жртви во сообраќајот




# РЕАЛИЗИРАНА КАМПАЊА ПОД МОТОТО „НАМАЛУВАЊЕТО НА БРЗИНАТА СПАСУВА ЖИВОТИ“

Секојдневно, на улиците и на патиштата ширум светот животот го губат околу 3.500 лица, а околу 140.000 се повредени во сообраќајни незгоди

Под мотото „Намалувањето на брзината спасува животи“ годинава се одбележа 19 септември – Европскиот ден без жртви во сообраќајот, иницијативата по која во земјава со свои апели, укажувања и предупредувања се произнесоа Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот и Автомото сојузот на Македонија. Притоа, од РСБСП посочија дека брзото возење и понатаму останува критичен ризик-фактор што предизвикува сообраќајни незгоди со сериозни и фатални последици. Околу 40 % од сообраќајните незгоди се предизвикани при возење со брзина поголема од дозволената, а според истражувањата, намалувањето на просечната брзина за 5 % може да резултира со намалување на бројот на фатални сообраќајни незгоди за 30 %. Од РСБСП наведуваат и дека секојдневно на улиците и на патиштата ширум светот, животот го губат околу 3.500 лица, а околу 140.000 лица се повредени во сообраќајни незгоди. За тоа да се спречи, треба секој ден бидеме дисциплинирани и одговорни учесници во сообраќајот. – Сообраќајна дисциплина, почитување на сообраќајните правила и прописи, како и на поставената сообраќајна сигнализација, почитување на правилата за ограничување на брзината, неуправување моторно возило под дејство на алкохол, технички исправно возило, користење безбедносен појас и заштитна кацига, користење детско седиште, некористење мобилен телефон при управување со возило и многу други едноставни, добри и позитивни навики, спасуваат човечки животи – велат од РСБСП. Од АМСМ приклучувајќи се на оваа сообраќајно-безбедносна иницијатива како единствена членка на FIA од Македонија – Светската автомобилистичка организација и наведувајќи повеќе светски спортисти и естрадни уметници кои го сториле тоа, потенцираа дека за да се спасат 3.500 животи во светот секој ден, треба да се придржувате кон 10-те златни правила: да ја почитувате пропишаната брзина; да ги проверувате гумите; да не пишувате СМС-пораки додека возите; секогаш да бидете внимателни; фокусирани и сконцентрирани; да носите кацига за мотор; возачите да си го проверат видот; да користите детско седиште за автомобил; да се врзете со безбедносни појаси; никогаш да не пиете кога возите и да застанете кога сте уморни бидејќи според едно неодамнешно истражување, еден од 10 возачи признале дека им се има случено да заспијат зад волан.

Р.С.Б.

## Поради брзо возење, лани во Македонија загинале 72 лица

Минатата година во сообраќајни несреќи, во Македонија, животот го загубиле 155 лица, а од нив речиси половината, односно 72 лица се загинати како последица на брзо возење. Во одредени ситуации, како што соопштија од РСБСП, намалувањето на брзината на возење од само 5 километри на час може да биде клучно дали одредена незгода ќе се случи или не, и дали последиците од незгодата ќе бидат фатални. Според истражување на РСБСП, во Република Македонија, повеќе од 80 проценти од анкетираните возачи изјавиле дека некогаш ги прекршиле правилата за ограничување на брзината што укажува на сериозноста на проблемот и на неговото потценување од страна на возачите. Од РСБСП укажуваат и дека со брзина од 32 километри на час, оптималната дистанца потребна за запирање е 12 метри, а при брзина од 112 километри на час за запирање е потребно растојание од 96 метри. Брзините се калкулирани според времето на реакција од 0,67 секунди, со претпоставка дека возачот е целосно сконцентриран и не му се намалени рефлексите од умор. Истовремено, засновано на една симулација, намалувањето на брзината на автопат од 120 до 110 километри на час може да придонесе за намалување на потрошувачката на гориво кај современите автомобили за 12 до 18 проценти, со претпоставка дека лимитот за брзината се почитува 100 проценти – информира РСБСП и укажува дека бавното и смирено возење ги намалува и емисиите на штетни издувни гасови.

Со почетокот на новата учебна година




# ДЕЦАТА ВО ФОКУСОТ НА АКЦИИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

За само три до четири години, Република Македонија изгуби цел еден клас деца што е ненадоместлива загуба за семејствата и за општеството во целина

Децата се најранливата категорија учесници во сообраќајот, па затоа и во почетокот на оваа училишна година продолжија активностите и акциите за безбедноста во сообраќајот кои повторно во фокусот ги имаат токму најмладите. Така, РСБСП ја реализираше кампањата „Одличен пет, ако внимаваш на децата во сообраќајот“, со која укажува дека само во 2015 година, 9 деца на возраст до 4 години и 13 деца на возраст од 5 до 18 години го изгубиле животот во сообраќајни незгоди. Во 2016 година, исто така, 5 деца на возраст до 14 години и 9 деца на возраст од 15 до 19 години го изгубија животот во сообраќајни незгоди. Слична е состојбата и во 2017 година, кога 4 деца на возраст до 14 години и 14 деца на возраст од 15 до 19 години го изгубија животот во сообраќајни незгоди. Тоа значи дека за период од само 3 до 4 години, Република Македонија изгуби цел еден клас деца што е ненадоместлива загуба за семејствата и за општеството во целина. Во рамките на кампањата, РСБСП упати предупредувања и совети и до младите, но и до нивните родители и до возачите, со цел да нема настрадани деца во сообраќајот.

Како дел од овие сообраќајно-превентивни активности за заштита на најмладите учесници во сообраќајот, АМСМ, го стартуваше проектот „Безбедни училишни зони“ (Star rating for schools) што во оваа и во наредната година ќе се спроведува на Балканот. Во него, партнери се министерствата за образование и за внатрешни работи и тој има има за цел да обезбеди анализа на ризикот и степенот на безбедност на децата во зоните околу училиштата преку мобилна и веб-апликација. Апликацијата, велат од АМСМ, е универзална, лесна за користење и обезбедува предлози за брзи интервенции, со кои зоните околу училиштата ќе бидат што е можно побезбедни. Овој проект веќе се спроведува низ светот и е поддржан од FedEx.

И компанијата ОКТА се вклучи во активностите за поголема безбедност на децата во сообраќајот, со својата кампања „Јас внимавам“, којашто втора година по ред ја спроведува во соработка со МВР. Овој пат, ОКТА додели рефлектирачки приврзоци на 7.000 првачиња од 76 основни училишта во вкупно 10 општини на територијата на Скопје.

За проектот „Училишни сообраќајни единици“ во скопската Општина Центар

# ПОДДРШКА ОД СИЗ „МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ“– АМЕРИТ

СИЗ „Македонија сообраќај‘ – АМЕРИТ активно се вклучи и го поддржа проектот „Училишни сообраќајни единици“ што го реализира скопската Општина Центар во соработка со СВР – Скопје, а чија цел е зголемена безбедност на учениците во сообраќајот. – Безбедноста на учениците е еден од нашите главни приоритети. Имајќи предвид дека најголем дел од нашите училишта се сместени на високофреквентни локации, Општината прави напори да ја зголеми нивната безбедност. Сакам да ја изразам мојата благодарност до СВР Скопје и до СИЗ „Македонија сообраќај‘ – АМЕРИТ, како општествено одговорна компанија која ни даде безрезервна поддршка за овој проект. Исто така, очекувам долгорочно зголемување на безбедноста на учениците во рамките на европските стандарди на безбедност – изјави Саша Богдановиќ, градоначалникот на Општина Центар. Членовите на училишните сообраќајни единици извршуваат повеќе активности: обезбедуваат преминување на учениците преку коловоз пред училиштата (исклучиво во присуство на наставник и службено лице од МВР), учествуваат во спроведување на сообраќајно-воспитни акции, даваат информации на учесниците во сообраќајот за објектите во чија близина ги извршуваат своите задачи и им укажуваат на грешките што ги прават. Сето ова има превентивна и воспитна цел.



Volvo Vera



# ЕДЕН РАДИКАЛЕН ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА

Volvo Vera е називот на новиот концепт на автономен камион кој нема да има кабина, а со тоа и можност да го вози некој друг освен електрониката

Volvo Trucks не престанува да фасцинира и провоцира. Најновиот концепт на кој Швеѓаните работеа во целосна тајност е автономен камион со многу невообичаен дизајн раководен според идејата „ако не му треба возач, не му треба ни кабина". Опишувањето на нивната творба ќе го изоставиме – сликите доволно кажуваат сами за себе.

Освен што е автономен, овој концепт наречен Vera е и електричен. Volvo веќе ги има претставено електричните верзии на FE и FL, кои на пазарот ќе стигнат идната година. Од компанијата велат дека и Vera ќе ги користи истите технологии, што значи дека батерискиот сет со капацитет од 300 kWh ќе му овозможи автономија од околу 300 километри со едно полнење. Максималната моќност на електромоторите кои сѐ уште се во фаза на развој е декларирана на 185 kW, доволни овој автономен камион да влече стандардна приколка натоварена со 32 тони. Бројката е малку поголема од оние што ги слушаме бидејќи една од позитивните страни на овој камион без кабина е што ваквата конструкција значително ја намалува неговата тежина и ја зголемува искористливоста на енергијата за превоз на товар. Шведските инженери, сепак, се свесни за фактот дека влекач без кабина на кој е закачена полуприколка има многу поголем отпор на воздухот, заради што



Volvo кај овој радикален концепт на автономен камион потполно ја исфрли кабината



и сметаат дека Vera најдобро може да послужи за транспорт на пократки релации и на локации каде што не се постигнуваат поголеми брзини. Посебно ги истакнуваат задачите кои се повторуваат во познато опкружување на места како што се пристаништа, фабрики или големи логистички центри. Таму Vera само со помош на сензорите и радарите, односно без употреба на GPS-лоцирање, точно ќе знае каде е и што се случува околу него и максимално безбедно ќе може самостојно да се движи.

Torsus Praetorian




# ТЕРЕНСКИ АВТОБУС ОД УКРАИНА, КОЈ ДОАЃА ОД СЛОВАЧКА

Украинската компанија Pulsar Expo од Украина за само една година разви теренски автобус, кој ќе се произведува во Словачка

Постарите меѓу нас се сеќаваат – теренски автобуси имаше во нивно време. Сега е друго време со други приоритети, но потребите за ваков тип возила сепак, останаа. Тоа го согледаа и во компанијата Pulsar Expo од Украина, каде што за само една година развија уникатен автобус кој веќе го има привлечено вниманието на разни агенции на Обединетите Нации и слични други меѓународни организации. Има капацитет за 35 луѓе и во основа е алтернатива на грубите руски камиони со заден дел приспособен за патници кои служат за транспорт на работниците на сибирските нафтени полиња. Направен е на шасија и со употреба на агрегатите на MAN, но конструкцијата му е сосема оригинална и дизајниран е, како што велат Украинците, од страна на странски дизајнер. Должината, ширината и висината изнесуваат 8.450 x 2.540 x 3.720 mm, а меѓуоскиното растојание 4.200 mm. Вкупната тежина достигнува масивни 13.500 kg, а клиренсот му е импресивни 389 mm. За издржливоста гарантира цврстата шасија направена од заварени челични цевки, а надворешните панели се од композитни материјали.

Автобусот е опремен со MAN дизел-мотор од 240 KS. Еколошката класа зависи од желбата на купувачот – можно е да се испорача со агрегати во изведби од Евро 3 до Евро 6. Од тоа, нормално, зависи и цената која не е помала од сто илјади евра. Максималната брзина му е 117 km/h, минималната 2 km/h, а досега се направени осум примероци. Во процес на склопување се уште 17, бројка која ќе расте бидејќи Pulsar Expo од Украина очекува Torsus Praetorian да добие сертификат од Европската Унија за нова категорија возило – за off-road автобус. Во меѓувреме, интерес за него изразија компании од Грузија и Нов Зеланд за разнесување скијачи на планините, Бангладеш размислува за купување на дури 105 возила за потребите на министерството за одбрана, а некои други ги разгледуваат неговите можности за користење од страна на итните служби.




Интересот за ова возило на украинската компанија Pulsar Expo доаѓа од сите страни на светот




Torsus Praetorian е уникатен теренски автобус

Mercedes Actros



# ИДНИНАТА ВЕЌЕ ПРИСТИГНА

Новиот Mercedes Actros е прв сериски камион со делумно автономно возење и камери наместо ретровизори

Mercedes-Benz Actros е еден од најважните камиони на нашето време и од претставувањето во 1996 година од него се произведени повеќе од 1,2 милиони примероци. Како и претходните така и новата генерација, трета или петта во зависност од тоа како се брои, повторно ги поместува границите кога се во прашање технологиите, безбедноста и економичноста. Некои можеби ќе се чувствуваат ускратени за уште некоја иновација кај него бидејќи Mercedes константно воведува по нешто ново така што унапредените мотори и менувачи беа претставени минатата година кај претходната генерација. Токму поради тоа, напредните технологии доаѓаат до израз како главни новости кај новиот модел.

Новиот Actros е прв камион што има можност за делумно автономно возење од второ ниво. Решенијата за тоа се презедени од концептот Future Truck 2025. Основа е Active Drive Assist системот на камионот кој може самостојно да забрзува, забавува и управува. За ова да биде можно, воведен е и нов Servotwin електро-хидрауличен систем за управување. Иако возачот мора цело време да биде зад управувачот, неговата работа значително е олеснета.

Actros е и прв камион на кој наместо ретровизори, му се вградени камери кои сликата ја проектираат на 15-инчни екрани сместени на предните носачи на кабината. Освен што ги зголемува видливоста и безбедноста, овој систем наречен MirrorCam ја подобрува и аеродинамиката и придонесува за намалување на потрошувачката на гориво.



Покрај Actros премиерно беше прикажан и градежничкиот Arocs кој ги дели неговите технологии



Сликата од камерите се прикажува на 15-инчни екрани монтирани на столбот на кабината

Новост е и Active Brake Assist 5 системот за автоматско сопирање во случај на опасност, кој има дополнително унапредена заштита на пешаците, дури и во свиоци.

Возачите веднаш ќе забележат дека е мислено и на нив. Во внатрешноста се среќаваат два интерактивни екрани: еден за мултимедијалниот систем преку кој се контролираат повеќе функции од возилото, а друг за инструмент-таблата. Стандардно тие се од 10 инчи, додека оној пред возачот може да биде и од 12. Приказот на нив може да се приспособува во зависност од тоа кои информации во тој момент се потребни. Поврзаноста со возачот е преку Apple CarPlay и Android Auto, а со серверите на Mercedes преку таканаречениот Truck Data Center. Тој ги собира и дели со останатите камиони сите податоци за возењето, со цел зголемување на ефикасноста. Тука е и системот за препознавање на сообраќајни знаци кој не само што известува за нив туку и автоматски ја намалува брзината на камионот, а електронската рачна сопирачка сама го задржува камионот при тргнување на нагорници.

Од Mercedes изјавија дека новиот Actros се вградени повеќе од 60 иновации. Оние кај моторната техника се заслужни што овој камион на своите идни сопственици ќе им донесе во просек заштеда во потрошувачката на гориво од 3 % на автопат и 5 % на регионалните патишта. Значајна новост е и што Actros може да се добие во верзија која како погонско гориво користи компримиран природен гас. Ќе биде достапен само како соло-камион со две или три оски, наменет за дистрибуција. Шестцилиндричниот мотор со 302 коњски сили ќе се напојува од четири резервоари за гас од композитен материјал со зафатнина од по 145 литри, додека опционално може да се опреми со уште четири од по 100 литри.

Покрај Actros, Mercedes-Benz го покажа и новиот Arocs, односно градежничката изведба на знаменосецот на марката со три, четири или пет оски. Технологиите и напредните системи им се заеднички. Mercedes во овој момент ги изостави прецизните технички податоци за Actros, но затоа за Arocs објави дека ќе биде на располагање со четири различни шестцилиндрични мотори со зафатнина меѓу 7,7 и 15,6 литри со дури 18 различни излезни нивоа на моќност од 238 до 625 KS. Менувачите се автоматски со 8, 12 или 16-степени, а за off-road операции на располагање се три различни системи за погон на сите тркала. Топ-моделот во гамата е предвиден со вкупна дозволена тежина од 250 тони.





Дигиталните инструменти од новата А класа по Sprinter се вградени и во Actros



Audi ги покажа мускулите




Со едно полнење на батериите Audi e-Tron според новиот WLTP тест-циклус може да помине повеќе од 400 километри

# НОВИОТ E-TRON ПРЕТСТАВЕН ВО ДВОРОТ НА TESLA

Audi го покажа својот прв електричен автомобил во Калифорнија, каде што Tesla е „домашен“ производител

Сега е веќе сосема јасно – премиум-лигашите излегоа на терен. Audi го направи тоа во голем стил. Го претстави својот прв сериски електричен модел практично во дворот на Tesla, во Калифорнија. Покажувајќи ги мускулите на тој начин, порача и дека е посилен играч од кога и да е и дека точно знае како треба да изгледа иднината бидејќи не беше претставен само уште еден нов автомобил туку цела низа од решенија на проблемите што се детектирани како главна пречка на електричната мобилност во иднината.

Овој спортски SUV е замислен да биде соодветен за секојдневна употреба според димензиите, просторноста и едноставноста за користење. Долг е 4,9 метри и задвижуван од два електромотори со вкупно 408 KS и максимален вртежен момент од 664 Nm достапни во секој дел од секундата. Заради тоа Audi e-Tron до стотка ќе забрза за 5,7 секунди, а максималната брзина електронски му е ограничена на 200 km/h. Ова решение ќе биде основа за идната Quattro генерација погон на сите тркала. Заради својата електрична природа тоа обезбедува врвно лежење на патот и управување на каков било терен и во какви било временски услови. Поголем дел од времето, во функција е само задниот електромотор, а по потреба екстрасилината се распределува и на предната оска.



Иновативниот систем за обновување на енергијата обезбедува до 30 отсто рециклирана електрична струја за задвижување на возилото



За e-Tron, Audi во Европа ќе побара 79.900 евра


Opel GT X Experimental го покажува идниот дизајнерски јазик на марката

# ОГЛЕДАЛО КОН ИДНИНАТА

## Погледот кон GT X Experimental ја прикажува идната инспирација на дизајнерите на Opel за целата гама

Покажувајќи ја насоката во која ќе се движи стилското изразување на марката, најновиот концепт на Opel, храбро пркоси на неизвесноста за која минатата година многумина мислеа дека ја зафати дизајнерската иднина на гамата од Риселсхајм. Затоа и одговорните нестрпливо го чекаа моментот кога ќе го стават овој концепт на увид на јавноста. Тој момент дојде и концептот GT X Experimental веќе не е тајна. Бевме таму и од прва рака се уверивме колку неговите творци се задоволни како со создаденото, така и со иднината што ја најавува. А таа, секако, е електрична.

Иако во облик на мал кросовер, GT X на германската компанија ќе послужи како своевиден дизајнерски модел, односно мостра за тоа како во блиска иднина ќе изгледаат сите нивни модели. Највпечатлив дизајнерски елемент недвојбено е маската, за која дизајнерите ја најдоа инспирацијата во обликот на визир на кацига. Околу неа во складна целина на предниот дел се обединети диодните матрикс фарови, осветлениот Opel-ов амблем и камерите и сензорите на напредните системи за помош. Слично како и надворешноста, и ентериерот на GT X Experimental е дефиниран со чистите површини на таканаречениот Pure Panel пристап.

Овој електричен супкомпактен SUV долг 4,06 метри има литиум-јонска батерија од 50 киловат-часови со можност за индуктивно полнење. Други детали, конкретно за времето на полнење, перформансите и автономијата засега нема. Сепак е истакнато дека меѓу многубројните системи требало да се најде и автономното возење од трето ниво.


И покрај слабиот прием кај Meriva, во Opel се одлучија и на овој концепт да му вградат врати кои се отвораат спротивно една од друга

www.amerit.org.mk

Lexus ES



Вака изгледаат првите „електронски ретровизори“ во светот

# ПРИСТИГНА ПРВИОТ АВТОМОБИЛ СО КАМЕРИ НАМЕСТО СО РЕТРОВИЗОРИ

Купувачите се сè уште скептични дали им треба ваква иновација во автомобилите, но Lexus не

Иднината веќе пристигна – Lexus ES стана првиот сериски автомобил со камери наместо ретровизори. Оваа иновација често ја гледавме на концептите, но Јапонците први успеаја да ја лансираат на пазарот. Предностите во однос на класичните ретровизори се неспорни. Камерата ќе може да ја покаже сликата зад возилото подобро од нив – од друг агол, осветлена, зумирана или каква и да треба. Обликот на „електронските“ ретровизори веќе не е дефиниран со просторот за механичките компоненти, така што отпорот на воздухот е помал, а со тоа и бучавата што ја создаваат при возење. Во Lexus одлучија сликата да се прикажува на 5-инчни екрани монтирани на предните столбови, за кои во некоја наредна итерација сигурно ќе биде предвиден простор на инструмент-таблата.

Оваа опција наречена Digital Side-View Monitors ќе биде достапна со новиот Lexus ES од идниот месец, но само на јапонскиот пазар. Причината е што само таму е одобрена ваква технологија, и тоа уште пред неколку години. Секаде на друго место во светот, па и во Европа, законските прописи бараат возилата да имаат ретровизори.



Екраните на кои се прикажува сликата од камерите се поставени малку несмасно

Bugatti Divo



Иако во основата е само специјална изведба на Chiron, цената на Bugatti Divo е поведе од двојно поголема

# КРАЛ ПО РАЃАЊЕ

Мислевме дека Bugatti Chiron е кралот, но тој само му го чувал тронот на Divo

Ниту зборот хипер веќе не е доволен за Bugatti Divo – тој најдобро се опишува со бројки, а не со зборови. Сепак, за најновиот модел на марката кој своето име го има добиено според францускиот возач Алберт Диво мора да се кажат и неколку збора во „хиперлатив“, се разбира.

Самиот факт дека е специјална изведба на Chiron кажува многу за него. Се разликува по дотераниот стајлинг со потполно нов преден дел со тенки ЛЕД-светла и големи отвори за воздух низ кои дише истата хибридна W16 централа од осум литри и 1.500 коњски сили. Нивното искористување е подобрено со оптимизираната аеродинамика која создава за 90 kg поголема сила на прилепување во однос на Chiron и модификуваното потпирање. Тоа, заедно со подобрената управливост, побрзиот менувач и за 35 kg помалата тежина, резултираше со за 8 секунди побрз круг на патеката Нардо во Италија. Максималната брзина му е ограничена на само 380 километри на час, а производството на 40 примероци е со цена од 5 милиони евра.



Конечно!



Атрактивноста на новиот концепт на Lada Niva е над сите очекувања и претпоставки

# „ДРУГАРИ И ДРУГАРКИ", ОВА Е НОВАТА LADA NIVA!

Конечно, Русите ја покажаа втората генерација на Lada Niva

Можеби ќе биде поисправно да кажеме „дами и господа" бидејќи многу нешта се сменија откако Lada Niva зачекори на овој свет. За потсетување, тоа беше во далечната 1977 година, кога социјализмот цврсто владееше и кога постоеше голем дефицит за едно вакво возило. Во меѓувреме, падна берлинскиот ѕид, Советскиот Сојуз се растури, но Lada Niva опстана таква каква што беше, со една мала разлика – не се вика повеќе Niva туку едноставно Lada 4x4 бидејќи тоа име своевремено премина во сопственост на заедничката компанија на AvtoVaz и General Motors. Заради сето ова и концептот на новата Niva што беше претставен во Москва го има името 4x4 Vision.

Уште на прв поглед се гледа дека Lada подготви атрактивен теренец со успешна имплементација на актуелното X-дизајнерско изразување. Сепак, истовремено можат да се забележат понекои ретро-детали кои (треба да) потсетуваат на нејзиното потекло. Така, над предните фарови се поставени ЛЕД дневни светла кои (повторно, треба да) асоцираат на актуелниот модел, како и отворите за воздух на задниот столб. Откако погледот ќе се смири од нападот на агресивноста на линиите на каросеријата, ќе се забележи дека концептот има пет врати, при што задните рачки се сокриени. Стаклениот покрив и огромните 21-инчни тркала најверојатно ќе се изгубат некаде на патот до сериското производство, за кое се очекува да започне во наредната година. Се подготвува и нов мотор (се споменува 1,8 литарски бензинец со 120 KS), а ќе добие и потполно нов менувач. Погонот на сите тркала, секако, ќе биде сериски.

Должината на новата Lada 4x4 ќе биде околу 4,2 метри, што е за скоро половина метар повеќе од сегашниот модел. Ширината изнесува 1,8 метри, а растојанието од подлогата нема да биде помало од 21 сантиметар. Поголемите димензии ќе значат и попространа внатрешност и поголем багажник, за што сегашниот модел трпи најголеми критики, а како што стојат работите, тој ќе опстане во производството барем до 2021 година.

Светот чекаше 41 година на новата Lada Niva

Kia ProCeed



Opel GT X Experimental го покажува идниот дизајнерски јазик на марката

# СПОЈ НА ДВА СВЕТА

Или, поинаку кажано, зошто караваните да не можат да бидат спортски?!

Kia ги објави првите фотографии од новиот ProCeed, кој во минатата генерација беше тривратен хечбек, а сега е shooting brake, односно спортски караван. Изгледот со купеовска линија на покривот е навистина нешто ново, нешто што во оваа класа, но и надвор од неа, спојува два света и веруваме дека не постои некој што ќе каже дека не му се допаѓа. На спортски нагласениот заден дел веднаш се забележуваат новите споени ЛЕД-светла, детаљ што очигледно станува тренд бидејќи голем број производители го користат. Предниот дел е познат од обичниот Ceed, од каде што доаѓа и приказната за внатрешноста – поголем дел од функциите се контролираат преку централниот 7-инчен екран, а за добриот звук е задолжен JBL аудиосистемот.

Новиот ProCeed е скоро еднакво долг како и караванската Sportswagon верзија, но е за 43 милиметри понизок од неа. Тоа резултираше со малку помал багажник во кој собира 594 литри, а понискиот клиренс за 5 mm подобро ги истакнува спортските способности на K2 платформата. Таа одлично се согласува со 1,6 литарскиот T-GDi мотор со 204 KS и 265 Nm, кој е врв на понудата. Купувачите ќе можат да одбираат и меѓу 1,0 и 1,4 литарските бензинци со 120 и 140 KS, како и 1,6 литарскиот CRDi дизел со 136 KS, спарени со 6-степен мануелен или 7-степен автоматизиран менувач со две спојки.


Багажникот на овој интересен автомобил собира 594 литри

## УКРАИНА



### Надоместок за користење на пат во стоковен транспорт

Законот усвоен во јуни 2001 година, утврди единствен надоместок на граничните премини на домашни и странски возила што влегуваат во Украина. Надоместокот ги опфаќа: санитарните, ветеринарните, фитосанитарните, радиолошките и еколошките проверки на стоката и возилото, надоместокот за користење на пат и, зависно од случајот, надоместокот за надминување на максимално дозволените тежини и/или димензии.

Од 1 јануари 2018 година, новите стапки се фиксирани во евра, но се собираат во националната валута по официјалниот дневен курс на Народната банка на Украина. Тековните цени се:

| Тип на возило | Тежина на товарено возило | Стапка по возило | |
|---|---|---|---|
| | | Проверки | Користење на патот (по км) |
| товарно возило/трактор со или без приколка/полуприколка | до 20 т | € 10 | € 0,04 |
| | >20 т до 40 т | € 20 | € 0,04 |
| HGVs | >40 т до 44 т | € 20 | € 0,2 |
| | >44 т до 52 т | € 20 | € 0,4 |
| | >52 т до 60 т | € 20 | € 0,54 |
| | >60т (за дополнителни 10 т) | € 20 | € 1,56 |
| прекумерно оптоварување по оска | до 5 % | - | € 0,1 |
| | >5 % до 10 % | - | € 0,2 |
| | >10 % до 20 % | - | € 0,54 |
| | >20 % (за дополнителни 5 %) | - | € 0,30 |
| прекумерна ширина, висина, должина | по параметар во вишок | - | € 0,06 |
| железнички вагон, сад | | € 4 | - |

• На празните возила и контејнери им се наплаќаат 20 % од стапката за извршување на проверки. Сепак, надоместокот за користење на патиштата мора да се плати во целост.

• Надоместокот не се наплаќа на празни железнички вагони.

• Надоместок не се наплаќа во случај кога стоката во транзит не може да се прими во Украина и поради тоа повторно мора да се претовари во друго возило во царинската контролна зона на граничниот премин што истовремено е и точка на влез и излез за стоката.

• Странските транспортни оператори подлежат на плаќање според условите на постојните билатерални договори.

Извор: **AsMAP** Украина

## ХРВАТСКА



### Ограничувања на превозот на стока




Член I

**Возила** Камиони и комбинирани возила со максимална дозволена тежина над 7,5 т, камиони и комбинирани возила што надминуваат 14 метри во должина, трактори, возила што ги влечат коњи, машини за работа и сите други возила што не смеат да надминат брзина од 40 км/ч на прав пат, возила што се користат за обука за возење.

**Област** На следните државни патишта (D), со исклучок на завршени делови од автопатот:

• D 8: граничен премин Клек (БИХ) и граничен премин Затон Доли (БИХ) – граничен премин Дубровник – Карасовичи (Црна Гора), освен делниците од пресекот со D 27 во Шибеник мост до источниот влез во Шибеник (исклучување за D 58) и од рудникот Билице во Солен до пресекот за трговскиот терминал во Стобрец.

• D 9: Меткович – Опужен – D 8.

• D 21: Граничен премин Кастел (SLO) – крстосница Бује – Канфанар, освен за делницата од D 21 од Канфанарската крстосница во Пула (клучка со D 66),

• D 23: Жута Локва – Сењ,

• D 39: крстосница A1 ротор Сестановац – пресек со D 8 (Дупчи),

• D 66: Пула (А9) – Раса – Опатија – D 8,

• D 200: Бује (D 21) – граничен премин Плованија (SLO),

• D 300: Бује (D 21) – Умаг,

• Z 5002: Новиград – Тар – Пореч – Врсар (крстосница со D 21),

• На пристапот кон и во областа на државното фериботско пристаниште Сплит,

• На пристап кон и во областа на државното пристаниште во Задар.

### Член II
**Периоди**
Од 15 јуни до 15 септември
· Во сабота од 4:00 до 14:00 часот
· Во недела од 12:00 до 23:00 часот
На Велики петок и во пресрет на јавен или верски празник
· Од 15:00 до 23:00 часот
На државен празник
· Од 14:00 до 23:00 часот
Ако државниот празник или последниот ден од серијата државни празници паѓа во петок или во сабота, забраната е во сила во недела од 12:00 до 23:00 часот.
Ако државниот празник падне во недела или во понеделник, забраната е во сила во претходниот петок од 15:00 до 23:00 часот.

Забелешка: За време на забраната за возење, на возилата регистрирани во Хрватска што се засегнати со ограничувањата, им е дозволено да влезат во земјата на сите гранични премини споменати погоре и да чекаат во соодветно место за паркирање во граничниот премин до крајот на ограничувањата или да возат до најблиската царинска испостава или терминал кои се на располагање.




### Член III
**Возила** Камиони и комбинирани возила со максимална дозволена тежина од над 7,5 т
**Област** На SR 2 помеѓу Вараждин и Дубрава Крижовљанска
**Периоди** Недели од 6:00 до 22:00 часот

Забелешка: Со централа или службено живеалиште во подрачјето опслужено од SR 2 помеѓу Вараждин и Дубрава Крижовљанска, ниту на возилата наведени во член IV, алинеи 7, 8 и 9, кога тие ги снабдуваат бизнисите долж овој дел од патот. Ќе се постават соодветни сообраќајни знаци и јавноста ќе се извести преку медиуми за ограничувањата за возење наведени во членовите I и III.

### Член IV
### Исклучоци
Горенаведените ограничувања за возење не важат за:
- Возила со право на премин и возила под придружба.
- Возила на Министерството за внатрешни работи и на оружените сили.
- Возила за одржување на патишта, електрични и слични инсталации, како и возила за дистрибуција на пошта и весници.
- Возила што припаѓаат на радио или телевизиски радиодифузни друштва.
- Возила што се користат за транспорт на вода за пиење.
- Возила што превезуваат материјал или опрема за употреба во случај на вонредна состојба.
- Возила со должина над 14 метри и зглобни возила што превезуваат бетон, асфалт или гориво за моторни возила, освен на SR 2 помеѓу Вараждин и Дубрава Крижовљанска, каде што мора да се почитуваат ограничувањата во сообраќајот според член III од оваа наредба.
- Возила со должина поголема од 14 метри и зглобни возила што превезуваат лесно расипливи производи, како што се свежо месо и производи од свежо месо, свежо млеко и млечни производи, свежа риба и производи од риба, расипливо овошје и зеленчук, освен на SR 2 помеѓу Вараждин и Дубрава Крижовљанска каде што мора да се усогласат со сообраќајните ограничувања изречени според член III од оваа наредба.
- Возила со должина над 14 метри и зглобни возила што превезуваат стока или живина, освен на SR 2 помеѓу Вараждин и Дубрава Крижовљанска, каде што мора да се усогласат со сообраќајните ограничувања наметнати според член III од оваа наредба.
- Возила со овластување.

### Член V
Одобрението наведено погоре се издава во случај на внатрешен патен сообраќај, од страна на полициската администрација одговорна за областа во која се наоѓа почетната точка или во случај на меѓународен патен сообраќај, на местото на влез во Хрватска под услов дека, во однос на времето и околностите, таквиот транспорт е итно потребен заради безбедносни причини или ако неговото одложување може да предизвика голема материјална штета.

### Член VI
Во случај на непочитување на оваа наредба, со парична казна од 5.000 куни ќе се казнат компаниите, плус парична казна од 1.000 куни за одговорното лице во компанијата за дозволување на возилото да биде спроведено спротивно на забраната, парична казна од 5.000 куни ќе им се изрече на независните бизнисмени. Лице, кое дава часови по возење, како и лице кое го вози возилото во спротивност со забраната, ќе се казни со парична казна од 500 куни.

★ ★ ★

**Возила** Домашни и странски моторни возила што превезуваат опасни супстанции од класа 1, 2, 3, 6.1, 7 или 8 од Словенија или Унгарија, транзит преку Хрватска, до Босна и Херцеговина, Србија или Црна Гора и обратно, како и оние што увезуваат во или извезуваат од Хрватска до/во соседните држави или од/до трети земји.
**Област** Ограничувањата за возење на горeспоменатите возила се однесуваат само на одредени насоки.

### Авторизирани рути
**1. За превоз на опасни материи од Класи 1, 2, 3, 6.1, 7 и 8 може да се користат само следните насоки:**
1.1 Граничен премин Брегана (D4) – Загребска обиколница – граничен премин Стара Градишка или граничен премин Жупања – граничен премин Бајаково,
1.2 Граничен премин Мацељ (D1) – обиколница Загреб – D1 (D3) – Карловац,
1.3 Граничен премин Горичан (D3) – Чаковец – обиколница Загреб,
1.4 Граничен премин Доњи Михољац (D53) – Нашице,
1.5 Граничен премин Рупа – D8 – Ријека (за опасни материи вклучени во специјална листа, со исклучок на масла и бензин),
1.6 Како специјална мерка може да се користи следната рута за превоз на опасни материи вклучени во класата 3 (нафта и нафтени деривати): граничен премин Дубрава Крижовљанска (D2) – Вараждин (D3) – Загребска обиколница.




**2. Можни се транспортни операции до и од пристаништа, рафинерии за нафта и слободни зони под услов да се почитуваат следниве посебни упатства:**
2.1 Патиштата од пристаништето Плоче (D513) до граничниот премин Мали Пролог може да се користат за транзит на опасни материи од Класите 1, 2, 3 и 8.
2.2 Патот Сплит – Клис – D1 – Брназе – D60 – Трили – D220 – граничниот премин Каменско може да се користи за транзит на опасни материи од Класите 1, 2, 3, 6.1, 7 и 8 од пристаништата Сплит и Солин.
2.3 Патот D3 – Карловац – D1 (D3) Загребската обиколница може да се користи за транзит на опасни материи од пристаништето Ријека и Рафинеријата Ријека.
2.4 Патот D36 – Поповац може да се користи за транзит на опасни материи од пристаништето Сисак и Рафинеријата Сисак.
2.5 Транзитот на опасни материи од пристаништето Задар треба да помине преку преминот со државниот автопат D8 – C505 Смилчиќ – Бенковац – D56 – Брибир – D509 – Книн – Сињ (Д1) – Трљљ (D60) – D220 граничен премин Каменово.




## Државни празници

| | |
|---|---|
| 1 јануари | Нова година |
| 6 јануари | Богојавление |
| 1 април | Велигден |
| 2 април | Велигден |
| 1 Мај | Ден на трудот |
| 31 мај | Корпус Кристи |
| 2 јуни | Ден на антифашистичката борба |
| 25 јуни | Ден на државноста |
| 5 август | Ден на благодарноста |
| 15 август | Успение |
| 8 октомври | Ден на независноста |
| 1 ноември | Ден на сите Светци |
| 25 декември | Божиќ |
| 26 декември | Свети Стефан |

Извор: **Transportkomerc**




**ШВЕДСКА**



## Важни информации за сообраќај по Е6 автопатот северно од Малме во октомври

Во октомври, Автопатот Е6, северно од Малме ќе биде затворен две недели. Сообраќајот ќе биде пренасочен кон други патишта во областа – се очекуваат големи нарушувања на сообраќајните токови.

Шведската администрација за транспорт треба да го обнови мостот на Автопатот Е6 на крстосницата Алнарп, северно од Малме, за да се приспособи на ширењето на железничката пруга помеѓу Лунд и Арлов.

За приближно две недели по 11 октомври годинава, Е6 ќе биде затворен во двете насоки на раскрсницата Алнарп. Работите на одржување, исто така, ќе бидат и на Е6 во неделите што следуваат по затворањето и може да влијаат на сообраќајот.

**Пренасочување за време на затворањето**

Сообраќајот ќе биде пренасочен кон други правци за време на затворањето на автопатот. Алтернативите ќе бидат обележани. Очекувајте големи застои во сообраќајот и застој на Е6 и другите патишта во југозападниот дел на Скане.

Извор: **Шведска асоцијација на компании за патен транспорт**



## ЦЕНИ НА ГОРИВОТО ЗА НЕДЕЛАТА 39/2018

| ЗЕМЈА | ВАЛУТА | БЕЗОЛОВЕН 95 | БЕЗОЛОВЕН 98 | ДИЗЕЛ |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | ALL | 179.00 | - | 179.00 |
| Андора | EUR | 1.190 | 1.250 | 1.040 |
| Аргентина | ARS | 36.380 | - | 31.690 |
| Ерменија | AMD | 470.00 | 490.00 | 460.00 |
| Австрија | EUR | 1.323 | 1.476 | 1.274 |
| Белорусија | EUR | 0.570 | 0.610 | 0.570 |
| Белгија | EUR | 1.530 | 1.616 | 1.567 |
| Б и Х | BAM | 2.31 | 2.36 | 2.31 |
| Бразил | BRL | 4.63 | - | 3.64 |
| Бугарија | BGN | 2.28 | 2.56 | 2.31 |
| Чиле | CLP | 850 | 882 | 622 |
| Хрватска | HRK | 10.30 | 10.87 | 10.02 |
| Чешка | CZK | 33.09 | 34.23 | 32.18 |
| Данска | DKK | 11.39 | 12.08 | 9.89 |
| Естонија | EUR | 1.289 | 1.339 | 1.249 |
| Финска | EUR | 1.558 | 1.648 | 1.400 |
| Франција | EUR | 1.569 | 1.638 | 1.491 |
| Грузија | GEL | 2.55 | 2.45 | 2.45 |
| Германија | EUR | 1.496 | 1.665 | 1.331 |
| Грција | EUR | 1.660 | 1.751 | 1.440 |
| Унгарија | HUF | 401.20 | 417.00 | 413.80 |
| Ирска | EUR | 1.489 | - | 1.359 |
| Италија | EUR | 1.670 | - | 1.547 |
| Јапонија | JPY | 153.70 | 164.60 | 132.30 |
| Казахстан | KZT | 180.00 | - | 191.00 |
| Летонија | EUR | 1.309 | 1.364 | 1.229 |
| Литванија | EUR | 1.206 | 1.275 | 1.160 |
| Луксембург | EUR | 1.278 | 1.332 | 0.968 |
| Македонија | MKD | 72.50 | 74.00 | 66.00 |
| Мексико | MXN | 20.62 | - | 20.24 |
| Молдавија | MDL | 18.89 | 19.71 | 16.89 |
| Црна Гора | EUR | 1.380 | 1.410 | 1.260 |
| Холандија | EUR | 1.784 | 1.864 | 1.473 |
| Норвешка | NOK | 16.93 | 17.92 | 15.91 |
| Перу | EUR | 3.67 | 4.05 | 3.17 |
| Полска | PLN | 5.12 | 5.43 | 5.05 |
| Португалија | EUR | 1.645 | 1.687 | 1.453 |
| Романија | RON | 5.49 | 5.90 | 5.71 |
| Русија | RUB | 45.71 | 52.59 | 44.33 |
| Србија | RSD | 153.70 | 162.90 | 163.90 |
| Словачка | EUR | 1.352 | 1.638 | 1.202 |
| Словенија | EUR | 1.347 | 1.477 | 1.293 |
| Шпанија | EUR | 1.328 | 1.469 | 1.257 |
| Шведска | SEK | 15.61 | 16.21 | 15.81 |
| Швајцарија | CHF | 1.650 | 1.650 | 1.750 |
| Турција | TRY | 6.91 | 6.94 | 6.28 |
| Украина | UAH | 31.42 | 32.64 | 29.21 |
| В. Британија | GBP | 1.313 | 1.423 | 1.343 |
| САД | USD | 0.750 | - | 0.860 |
| Уругвај | UYU | 54.95 | 57.01 | 40.40 |

# КАМИОНИ

## Продавам

**Волво 420,** еуро 3, автоматик, регистриран до 29.3.2019 година, со поминати 1.370.000 км и полуприколка Когел, регистрирана до 25.12.2018 година.
**070/333-962**

**ДАФ ХФ,** од 2002 година, во возна состојба, сменет компресор за воздух и пумпа за висок притисок на масло во октомври 2017 година, со нови погонски гуми Ханкок 90 %, со кипер-пумпа. Приколката е од 2008 година, во супер-состојба за работа. За какви било подетални информации контактирајте нè.
**075/746-066**




**ДАФ ХФ,** од 2011 година, на бугарски таблички, со автоматски менувач, ХЛ кабина, со поминати 700.000 км, со ретардер и дополнителна кровна клима. Камионот е стандард со две нови, предни гуми и четири задни гуми на 80 %, редовно е сервисиран и е во одлична возна состојба.
**078/444-766**

**Ивеко евротракер**, од 1998 година.
**070/999-184**

**Ивеко Стралис**, редовно сервисиран, во добра состојба. Камионот е од 2004 година, приколката од 2003 година, со поминати 833.000 км. Приколката е ролетарка со страници.
**070/233-845**

**Ивеко Стралис**, со нов мотор ремонтиран на 35.000 км, турбо-алансер, алтернатор, акумулатор, нови гуми на приколката, нови гуми на влекач, нови пирели и фулда, нови плочки и дискови, комплет сменето масло на диференцијал и на менувач. Осовината на приколката се крева комплет. Се продава во екстра- состојба. Цена по договор.
**071/329-529**

**МАН 18.440 ТГХ**, во одлична состојба.
**078/296-999**

**МАН кипер 35-402**, од 1996 година, во многу добра состојба, без никакви вложувања.
**071/525-450**

**МАН влекач**, со полуприколка, од 2007 година, приколка од 2004 година, влекачот и приколката имаат нови гуми, сервисиран, во топ-состојба, вреди да се види. Цена по договор.
**070/269-266**

**МАН ТГА 460**, автоматик, со ретардер и полуприколка Шмитц, може и замена со кола.
**070/917-009**

**МАН 35 402** 8х6 миксер, многу сочуван, нов увоз, може одделно, без буре.
**070/304-271**

**МАН ТГА 26.350**, еуро 4, од 2005 година, со предни гуми 90 %, нови задни гуми 100 %, моторно сопирање на волан, мануелен менувач, во одлична состојба, комплет перници, редовно сервисиран и одржуван, со поминати 704.000 км, на МКД таблички. Цена по договор.
**070/231-891**

**Мерцедес Актрос 18 40**, во добра состојба.
**071/777-612**

**Мерцедес Атего 815/42**, регистрирано во 1999 година, со хидраулична рампа, во одлична состојба, носивост 2.490 кг.
**070/634-010, 071/638-512**

**Мерцедес Атего 12 28**, од 2003 година, со добри гуми, клима, темпомат, со рампа, многу добар.
**072/599-556**

**Мерцедес кипер 12 -13**, во исправна состојба, можна е и замена.
**071/525-450**

**Мерцедес Атего 8 23**, од 2005 година, со поминати 390.000 км, атестиран, со нови гуми, регистриран цела година, камионот е во топ-состојба и Атего 8 15, од 2000 година, со поминати 400.000 км, атестиран, нови гуми, регистриран цела година.
**075/423-466**

**Мерцедес Бенз Актрос 1844**, со приколка Кроне, од 2008 година, купен нов од МК неувезуван, возен само од еден шофер, со реална километража, добро зачуван, вреди да се види. Цена по договор.
**079/274-399**

Се продаваат **пет камиони Мерцедес Бенз**, еуро 3, сите регистрирани и сите во одлична состојба.
**070/208-080**




**Сканија 124Л470 топлајн**, еуро 3, од 2003 година, комплетно исфарбана, со мотор од 2012 година, со 300.000 км, камионот е во топ-состојба, спремен за ЕУ, со нови гуми, ламела, комплетно претресен за релации во ЕУ и полуприколка ладилник Шмитц, од 1995 година, мотор термо-кинг СБ , со еко-осовини, висина 2,65 м, со алуминиумски бандажи, во одлична состојба. Се продаваат комплет, а може и посебно. Итно!
**070/218-008**

**Сканија** еуро 3, од 2003 година, регистрирана, со сменети: ламела, потисна, друг лагер и компресор на клима, има нови: акумулатори и спони. Ладилник Кроне, од 2002 година, со мотор Кариер 1.200, со 8.500 работни часови, направен сервис на мотор, сменети: масло, филтри, ламели, каиши и нов акумулатор со сменети: дискови, плочки, тампони и тристопи лагери. Може и замена.
**070/302-228**

# АВТОБУСИ

## Продавам

**Мерцедес автобус**, со 30 седишта, во исправна состојба, пали-вози. Може да се види и проба во секое време.
**070/357-782**

**Ивеко Рапидо** туристички автобус, во одлична состојба, од 2003 година, со Ивеко мотор, еуро 3, двоозонска клима, туристички седишта, со фул-опрема, цена 15.499 евра + 18 % ДДВ. Ве молиме, без замени.
**078/321-713**



**Туристички автобус Ван Хол Т915**, во супер-состојба, од 2004 година, со МАН мотор, двоозонска клима, ТВ, фрижидер, ВЦ, со фул-опрема, за цена 36.000 евра + 18 % ДДВ/. Ве молиме, без замени.
**078/321-713**

# ДЕЛОВИ

## Продавам

**Приколка двоосовинка**, од 2003 година, со Мерцедес осовина, нови гуми, во многу добра состојба.
**072/599-556**

**Полуприколка ладилник Когел**, термо кинг СВ II, сервисирана, цена по договор или замена за церада.
**075/632-988**

**Мега полуприколка Когел**, од 2011 година, во одлична техничка состојба.
**078/373-044**

**Полуприколка Кроне**, од 2004 година, регистрирана, клучеви за контејнер, гуми 90 %, плус Шмитц, од 1998 година на дискови.
**071/345-424**

**Полуприколка Кроне** од 2001 година, со нов покрив, нови гуми, со внатрешна висина 2,80 м. Можна е замена.
**070/353-991**

# ОГЛАСИ (преку SMS и e-mail)

Испратете го Вашиот ОГЛАС како SMS на:
070 / 40 11 11 и 070 / 40 11 07
или како e-mail на:
bizkontakti@yahoo.com
Внесете го Вашиот телефон или e-mail адреса

Како решение за честиот сообраќаен метеж



# ШВАЈЦАРИЈА ЌЕ ГРАДИ ДВОКАТНИ АВТОПАТИШТА!

## Сообраќајните застои во Швајцарија се сè подолги и континуирано се зголемуваат

Швајцарската влада сака да ги реши проблемите со сообраќајниот метеж со изградба на двокатни авто-патишта. Проектот за автопатишта на кат, какви што инаку веќе има во азиските земји, пред извесно време доби зелено светло од владата на Швајцарија. Сообраќајните застои во Швајцарија се сè подолги и континуирано се зголемуваат, па според направените пресметки, на тамошните автопатишта поради метеж се стоело околу 26.000 часови. Неодамнешните информации од оваа држава, велат дека Сојузната служба за сообраќај планира еден дел од автопатот А1 во Лиматал да биде двокатен, а Владата веќе одобрила проект што треба да го зголеми капацитетот на возилата на автопатот А4 во Шафхаузен.

На ваквите најави има поделени реакции во тамошната јавност. Така, зелените не се согласуваат со двокатни автопатишта, обвинувајќи го шефот на Сојузната служба за сообраќај, Јирг Ретлисбергер, дека „има повеќе бензин во крвта, отколку иднина во главата". Тие сметаат дека двокатните автопатишта се гигантска, погрешна инвестиција, која е во спротивност со Спогодбата од Париз за борба против климатските промени.

Од друга страна, Здружението на увозници на возила укажува дека одамна се потребни двокатни авто-патишта, при што, според нив, горниот кат би можел да биде експресен автопат со помалку излези и влезови, додека долниот кат би можеле да го користат камиони за транспорт на разни видови стока.

Ј. С .Б.

# ВИЦОВИ

Во една болница избил пожар. Дошле пожарникари и го изгаснале. Потоа, еден од нив му поднесува извештај на дежурниот лекар:
– Пожарот е успешно изгаснат, ама имаше седум повредени, на кои им дадовме вештачко дишење и петмина ги вративме во живот. За другите двајца, за жал, не можевме ништо да сториме.
Докторот сиот вџашен се фатил за главата и тивко изустил:
– Како тоа петмина вративте во живот? Па вие гасевте пожар во мртовечницата!

* * *

Гужва во градски автобус. Наеднаш, одзади некој вика:
– Има ли доктор во автобусов да помогне!?
– Има, има, идааам! Во што е работата?
– Ај докторе помагај, болест на грлото со седум букви.

* * *

Возачот Боки отишол на лекар. Се жали дека е уморен, нерасположен, раздразлив, иако има апетит и има здрав сон. Докторот му објаснува:
– Видете Боки, освен добрата храна и здравиот сон, за да се чувствувате добро треба да правите и нешто друго. Ајде кажете ми што уште е корисно за здравјето?
– Не ми текнува, докторе!
– Е што правевте со жената два-три пати неделно кога бевте помлади?
– Пааа, пааа... Ми текна! Се каравме!

* * *

Судијата го прашува обвинетиот:
– Објаснете му на судот, зошто го украдовте автомобилот?
– Видете почитуван судија, брзав да стигнам на аеродром!
– Па не можевте да одите со автобус?
– Е како да крадам автобус!?

* * *

Си разговараат возачот Боки и неговата жена Ботка:
– Боки срце, што би сакал да ти зготвам за вечера? Само што се врати од пат. Сигурно сакаш нешто вкусно.
– Зготви што сакаш, само немој гулаш, поховани шницли или турли тава. Знаеш дека тие ми се најомилените



јадења!

* * *

Возачот Боки го моли својот шеф:
– Шефе, би сакал утре и задутре да добијам слободни денови. Се женам!
– Па добро Боки, вчера се врати од одмор. Зошто не се ожени тогаш!
– Не сакав да си го расипам одморот!

TimoCom

# Генијално ефикасно! Со најголемата во Европа транспортна платформа на TimoCom.



- Најдете го оптималниот утовар за Вашиот тип на возило и со тоа спонтано обезбедете си краткорочни налози.
- Оптимизирајте ја Вашата искористеност преку повторливи транспортни налози од долгорочни деловни партнери.
- Вмрежете се со над 40.000 проверени фирми од цела Европа.

**Сега и до 4 седмици бесплатно тестирање!**

mk.timocom.com